Универзитет „Св. Кирил и Методиј”

Филозофски факултет

Институт за историја на уметноста и археологија

Магистерски труд

# Накит од римскиот период во Стоби

Ментор:

проф. д-р Антонио Јакимовски

Кандидат:

Дарко Анѓелковски

Скопје, 2023

**I. Вовед** ........................................................................................................ 1

I.1. Историски податоци за Стоби ........................................................................ 3

II.2. Историјат на истражувања ........................................................................... 4

**II. Техники на изработка на накит** ................................................................ 8

II.1. Глиптички техники ........................................................................................ 8

II.2. Златарски техники .......................................................................................... 9

II.3. Обработка на стакло ...................................................................................... 13

II.4. Обработка на коска ........................................................................................ 15

**III. Накитот во Стоби** ...................................................................................... 17

**IV.Обетки** ....................................................................................................... 18

**IV.1. Обетки со прстенеста алка (затворен тип)**................................................ 18

IV.1.1. Обетки со прстенеста алка и краеви што не се допираат ............................ 18

IV.1.2. Обетки со прстенеста алка со спирално намотани краеви ........................... 19

IV.1.3. Обетки со прстенеста алка со спирално намотани краеви и додаток .......... 20

IV.1.4. Обетки со прстенеста алка со спирално намотани краеви и златен лим со перла ........................................................................................................... 21

IV.1.5. Обетки со прстенеста алка и краеви со петелка и псевдоштит .................... 22

IV.1.6. Обетки со елипсовидна алка и плочеста глава ............................................ 22

IV.1.7. Обетки со елипсовидна алка и куполеста глава .......................................... 23

IV.1.8. Обетки со прстенеста алка и краеви со петелка и кука ................................ 24

IV.1.9. Обетки со краеви што се преклопуваат ....................................................... 25

IV.1.10. Неидентификуван тип на обетки ................................................................ 25

**IV.2. Обетки со „S” кука (затворен тип)** ......................................................... 26

IV.2.1. Обетки со „S” кука со лежиште.................................................................... 26

IV.2.2. Обетки со „S” кука и лиена глава ................................................................. 28

**V. Прстени** ........................................................................................................ 30

V.1. Целосно лиени прстени ........................................................................ 31

V.2. Прстени со глава и тело во целина ...................................................... 32

V.3. Целосно лиени прстени, со нагласени рамена ..................................... 33

V.4. Прстени со кружно тело и различни глави .......................................... 35

V.5. Прстени со нагласена глава и рамена .................................................. 38

V.6. Прстени со глава која е зголемена со телото ....................................... 38

V.7. Прстени со кружно тело и краеви што се преклопуваат и спирално се намотани околу алката ....................................................................................... 39

V.8. Прстени со отворени краеви ................................................................. 39

V.9. Затворени прстени (прстен-алка) .......................................................... 41

V.10. Неидентификуван тип на прстени ....................................................... 42

**VI. Белегзии** ........................................................................................................ 43

**VI.1. Бронзени белегзии** ........................................................................................ 43

VI.1.1. Целосно лиени белегзии ..................................................................... 43

VI.1.2. Белегзии со краеви што се разминуваат и спирално се намотани ............... 44

VI.1.3. Белегзии со петелка и кука ................................................................. 44

VI.1.4. Белегзии со отворени краеви .............................................................. 45

VI.1.4.1. Белегзии со краеви што се разминуваат .......................................... 45

VI.1.4.2. Белегзии со краеви што не се допираат ........................................... 45

VI.1.4.3. Белегзии со краеви во вид на змијски глави ..................................... 45

VI.1.5. Неидентификувани типови на белегзии ................................................ 46

**VI.2. Стаклени белегзии** ........................................................................................ 46

VI.2.1. Белегзии со кружен пресек ................................................................... 47

VI.2.2. Белегзии со полукружен пресек ............................................................. 47

VI.2.2.1. Белегзии со полукружен пресек без декорација .............................. 47

VI.2.2.2. Белегзии со полукружен пресек и декорација ................................ 47

VI.2.3. Белегзии со квадратен пресек ........................................................... 48

VI.2.4. Флексибилни белегзии ....................................................................... 48

VI.3.1. Затворен тип ........................................................................................ 49

VI.3.2. Флексибилни белегзии ....................................................................... 50

**VII. Заклучни согледувања** ............................................................................ 52

**VIII. Каталог** .................................................................................................... 56

**IX. Користена литература** ............................................................................ 140

# I. Вовед

Магистерскиот труд „Римски накит од Стоби” го обработува накитот како дел од археолошките движни наоди кои се пронаоѓаат за време на археолошките истражувања. Националната Установа за управување со археолошкиот локалитет Стоби[1] располага со голем број на археолошки предмети кои се резултат на долгодишните истражувања кои се случуваат на археолошкиот локалитет Стоби, повеќе од еден век. Многу мал процент од материјалот е публикуван одделно, како дел некакви целини и затворени контексти, додека голем процент од материјалот никогаш не е публикуван и детално анализиран, што беше уште еден дополнителен мотив да се изработи овој магистерски труд. Најголемиот дел од накитот којшто е обработен во тезата, произлегува од истражувањата коишто се извршени на Западната некропола во Стоби, во периодот од 1970 година до ден денешен.

При изработката на магистерскиот труд беа обработени обетките, прстените и белегзиите како едел дел од целата палета на накити со коишто располага НУ Стоби. Во однос на користениот материјал од којшто се изработени овие предмети, селектирани беа накити изработени од злато, сребро, бронза, стакло, коска, мермер и гагат, додека пак беа пропуштени предметите коишто се изработени од железо како материјал. При обработката на материјалот, беа измерени димензиите на предметите, нивната тежина, истите беа фотографирани со размерник и изработен е каталог со целокупните информации за предметите. Вака селектираниот и анализиран материјал е дополнително обработен типолошки, односно одвоени се категории и поткатегории на накитите, сите со свои аналогии во Македонија и блиското соседство. При датирањето на материјалот, освен аналогиите во соседството, предвид беше земен и материјалот коишто произлегува од затворени контексти, како гробови, кадешто освен накит, како гробен инвентар има и други предмети коишто дополнително ќе помогнат при датацијата на материјалот.

Бидејќи се работи за накит, којшто е изработен од вредни метали и има голема вредност, негова точна и прецизна датација не е возможна, од причина што тој може и се

[1] Во оваа прилика сакам да се заблагодарам на директорот на НУ Стоби, како и на кустосите вработени во институцијата за отстапениот материјал за обработка, како и на сите останати вработени кои ми помогнаа при изработката на овој магистерски труд.

пренесува од генерација на генерација, со што рамката за датација ќе биде поширока, онаму кадешто тоа не е возможно да се направи и одреди во потесен временски период.

При изработката на трудот освен горенаведеното, во едно поглавје се наброени и подетално објаснети техниките и процесите на изработка на накит. Објаснети се поголемиот број техники на обработка во зависност од материјалот кој бил користен за изработка на накитот.

## *I.1. Историски податоци за Стоби*

Античкиот град Стоби е подигнат на местото кадешто реката Црна (Еригон) се влева во реката Вардар (Аксиос). За првпат градот е лоциран во средината на XIX век, врз основа на топографски и епиграфски споменици. Стоби е на крстосница на античките патни правци кои водат од север кон југ, односно Сингидунум – Стоби – Тесалоника, додека вториот е еден крак од античкиот патен правец *Via Egnatia*, кој започнува од Хераклеа Линкестис и продолжува кон Стоби на исток и оттаму кон Сердика. Римскиот историчар Тит Ливиј, за првпат го споменува Стоби како *vetere urbe,*[2] во битката која се одвивала помеѓу македонскиот крал Филип V и Дарданците во 197 година пр.н.е. Податоците за живот на просторот на античко Стоби ги добиваме со долгогодишните археолошки истражувања на овој простор, кои со повремени прекини, траат еден век. Историографските извори за Стоби, заедно со археолошките истражувања на овој простор, ни ја даваат историската рамка во која градот функционирал. Просторот на античко Стоби, можеме да го поделиме во три периоди во кои животот се одвивал. Првиот период го сместуваме од праисторијата, поточно доцниот неолит, па се до периодот на римските освојувања. Овој период дознаваме дека го има од спорадични наоди, но не можеме да говориме за некаков континуитет на живеење во тој период. Осамени наоди од VII и VI век п.н.е. се евидентирани на просторот на античко Стоби, но секако, посериозни наоди или пак археитектура не е позната за сега. Активност од поголеми размери е евидентирана во хеленистичкиот период на просторот на северниот дел на највисоката тераса во Стоби и нејзината периферија кон југ и југоисток. Се работи за скромни пронајдоци со кои се констатира дека некаков живот се одвивал на овој простор во периодот на II-I век пр.н.е.[3]

Вториот период е римскиот период, односно од римските освојувања до кризата во четвртиот век и христијанизацијата на населението. Градот најпрво функционира како *oppidum civium Romanorum*, во времето на Август,[4] а потоа започнува да се развива. Во овој период градот го достигнува својот максимум. Се претпоставува дека градот го добива статусот на *Municipium,* главен град на провинцијата Macedonia Secunda, главен

[2] LIVY XXXIX, 53.16
[3] Mikulčić, I., 1981, 215-217
[4] Papazoglu, F., 1986, 213-237

трговски центар. Во текот на владеењето на Веспазијан, во 72/3 година, градот започнува со ковање на сопствени монети. Статусот на градот е потврден преку натписи пронајдени во текот на истражувањата, како и преку монетите, на кои стои натписот MVNI(CIPIVM) STOB(ENSIVM).[5] Ковницата во Стоби функционира се до владеењето на императорот Елагабл (218-222). Во овој период кога градот е во раст и развој, како урбанистички, така и економски, имаме остатоци од многу репрезентативни градби, како што се Римскиот Театар, Храмот на Изида, Градбата со арки, како и многу други градби кои датираат од овој период.

Третиот период е доцноантичко Стоби, односно периодот од IV-VI век, кога границите на самиот град се намалуваат. Јужниот дел од градот, односно јужната тераса од градот се напушта и се гради нов бедем кој ќе го штити градот од честите излевања на денешна Црна Река (антички Еригон). Сепак, ова повлекување и намалување на границите се случува само источната, најниската тераса. Останатите линии на бедемот најверојатно ја следат трасата на стариот бедем.[6] Во овој период градот е два пати погоден од силни земјотреси, првиот кон крајот на IV век, а потоа и во 518 година, кога земјотресот кој целосно го уништува античкиот град Скупи, се чувствува и оштетува дел од градбите во Стоби, но сепак градот продолжува да живее. Градбите од овој период се најмногубројни и голем дел од нив се и денес присутни на терен. Важно е да се спомене информацијата дека Стоби имал и свои епископи кои учествувале на Екуменските Собори. Иако градот во овој период бил повеќе пати нападнат, прво од Готите, а потоа и од Аварите, сепак некаков дел од населението останува да живее по терасите од градот. Со поновите истражувања спроведени во близина на храмот на Изида и околу Јужната порта заедно со бедемот, констатирани се слоеви со средновековен материјал, што означува дека животот во градот и после VI век постоел, но истиот се одвивал со намален интензитет.[7]

## *I.2. Историјат на истражувања*

Во текот на долгогодишните истражувања на археолошкиот локалитет Стоби, се работело на голема територија во рамките на градот, односно рамките на градот кои ги

[5] Јосифовски, П., 2001, 66-77
[6] Микулчиќ, И., 2003, 44-46; Јованова, Л., 2013, 804
[7] За информацијата му благодарам на м-р Јован Радњански, раководител на проектот за археолошко истражување и конзервирање на Јужната порта и јужниот бедем

добива со изградбата на доцноантичкиот бедем, но и на територијата надвор од рамките на бедемот. Овие истражувања носат голем број на архитектонски остатоци, уметноста која е присутна во секојдневниот живот, како и огромен фундус на археолошки движен материјал коишто ни дава податоци за начинот на живот на населението кое живеело во одреден период од постоењето на античкиот град Стоби, како и општествениот статус кое го имало населението.

Истражувањата коишто се спроведени на некрополата во Стоби даваат огромна количина на движен археолошки материјал, како керамични садови, стаклени садови, луцерни, а секако и накит.

Бидејќи најголемиот дел од накитот произлегуваат од гробови, односно како инвентар од гробни целини, во оваа прилика ќе направам краток осврт на истражувањата спроведени на некрополата во Стоби. Првите пишани сознанија за постоење на некропола во близина на Стоби датираат од 1918 година,[8] кога се откриени 60-тина гробови датирани во доцната антика, односно во периодот IV-V век. Овие гробови се откриени со истражувањата при кои е откриена и Гробјанската Базилика.

Во 1965 година, со реконструкцијата на железничката линија Градско-Паликура, Археолошкиот Музеј од Скопје, под раководство на Иван Микулчиќ, спроведува заштитни археолошки истражувања, при што се откриени 30 гробови.[9] Најголемиот дел од овие гробови биле уништени или пак ограбени уште во антиката. Откриените гробови се датираат во периодот од I век п.н.е., до IV век н.е.[10]

Во периодот од 1970 до 1980 година, започнува заеднички проект помеѓу Универзитетот Тексас од Остин и тогашниот Национален Музеј од Титов Велес, Југославија. Првата година се спроведени контролни археолошки истражувања на просторот југо-западно од Југо-западната порта и притоа се откриени 18 гробови кои се датираат од I до IV век.[11] Во рамките на овој проект до 1974 биле откриени вкупно 301 гроб, од кои само четири од нив датираат од хеленистичиот период, додека останатите се

[8] Dragendorff, H., 1919, 259-270
[9] Mikulčić, I., 1973, 61-64; Mikulčić I., Dautovska, V., 1965, 126-128
[10] Mikulčić, I., 1973, 93-95
[11] Wiseman, J., Mano-Zissi, Dj., 1971, 404

гробови кои се датираат во периодот од I век п.н.е. до IV век н.е.[12] Во кампањата од 1975 година, откриени се уште 10 нови погребувања, од кои 9 од нив се во најниските делови од хоризонтите на погребување, со што овие претставуваат и едни од најстарите погребувања на тој простор.[13]

Во 1978 година, со изградбата на железничката прруга Градско – Шивец, извршени се археолошки истражувања на јужниот крај на терасата. При овие истражувања, откриени се вкупно 327 нови гробови и истите се датирани во IV, V и VI век.[14]

Најголемите истражувања спроведени на некрополата во Стоби, се заштитните истражувања спроведени по трасата за изградба на автопатот Е75 во 1992 и 1995 година. Овие истражувања на некрополата даваат значајни информации за начинот на погребување, периодот на користење на некрополата, нејзиното ширење итн. Во кампањата од 1992 година откриени се вкупно 444 гробови во рамки на истражениот простор предвиден со заштитните ископувања. Гробовите коишто биле откриени се датираат во периодот од I – III век н.е.[15] Токму поради големиот број на откриени гробови, богатиот инвентар во нив, како и новооткриените податоци за начинот на погребување и ширењето на некрополата, овие истражување продолжуваат и во 1995 година во рамки на истиот проект за изградба на патот. Со кампањата од 1995 година откриени се дополнителни 497 гробови, со временска рамка на погребување од I век п.н.е. до IV век н.е.

Со исклучок на одредени мали истражувачки зафати во следните години, западната некропола одново посериозно ќе се истражува во 2009 година кога се откриени уште 84 нови погребувања, со временски период од II век п.н.е. до IV век н.е. Со овие истражувања се доаѓа до нови сознанија за постоење на различни погребни ритуси, гробни конструкции итн. Во доцниот IV век па се до VI век кога западната некропола е напуштена и повеќе не се користи како простор за погребување, никнува мало доцноантичко предградие, со сиромашни куќи.

---

[12] Wiseman ,J., Mano-Zissi, Dj., 1974, 133-134
[13] Wiseman, J., Mano-Zissi, Dj., 1976, 278
[14] Каталог MUNICIPIUM STOBENSIUM – Западна некропола 1992, 1994, 9
[15] Шурбановска, М., Здравковски, Д., 1996, 91-112

Во периодот од 2011 до 2013 година, на овој простор се откриени нови 84 гробови, во кои како новитет се јавуваат гробовите со надземни плитарни конструкции, откривање на голем број гробови со теракотни фигурини, војнички гробови,[16] како и гробови распоредени покрај Порта Хераклеја кои се показател за тоа како била распореден некрополата.

Последните две истражувачки кампањи на западната некропола во Стоби се извршени во 2016 и 2019 година, кога се откриени 33, односно 10 гробови.

Земајќи ги предвид сите овие истражувања, сознанија, како и бројката на гробови која ја надминува границата од 2100 гробови, можеме со сигурност да кажеме дека некрополите од Стоби, заедно со оние од Скупи се дефинитивно најголемите на територија на Република Македонија. Секако, ова не е конечниот број на гробови, бидејќи некрополите сеуште имаат површина која допрва треба да биде истражена.

[16] Ангеловски Б., 2018, 82-93

## *II. Техники на изработка на накит*

При изработката на накитот од мајсторот се бара максимална концентрација, посветеност и внимание, со цел крајниот резултат да биде накит којшто ќе биде претставителен и препознатлив. Во зависност од тоа за каков вид на накит се работи и материјалот од којшто накитот ќе биде изработен, мајсторите користат најразлични техники и методи за изработка на накитот. Секако дека одредени техники се комбинирале при изработката на накитот со што се добивале уникатни и репрезентативни примероци. Во тој контекст, подолу се обработени одредени техники за обработка на накит кои мајсторите во антиката со сигурност ги користеле.

### II.1. Глиптички техники

Глиптичките техники претставуваат врежувачки техники. Глиптиката потекнува од грчкиот збор ***glyptos*** – што означува врежување. Тие може да се изведуваат на најразлични површини, но најчести и најпознати се оние коишто се изведени во камен. Врежувањето во камен може да биде со колосални димензии, како и врежување на мали површини од каменот. Во изработката на накит, врежувањето во камен е најпознато по гемите кои се вметнувани во прстените. Во таа изработка на накитот, може да разликуваме две техники кои се издвојуваат, а тоа се камео (cameo) и интаљо (intaglio) техниката.[17]

**Камео** – една од двете глиптички техники за декорација на скапоцени и полускапоцени камења. Оваа техника е всушност релјефна техника, каде на повеќеслојни камења се изведуваат релјефи со човечки и животински мотиви. Релјефите на мотивите се изработуваат во еден слој од каменот којшто е со една боја, додека позадината е слој со друга боја. На овој начин, со присуството на два различни слоја во каменот, се добива контраст помеѓу релјефот и позадината. Камео техниката е најкарактеристична во античкиот период, помалку во средниот век, а во ренесансата повторно се актуелни и многу ценети.

**Интаљо** – втората глиптичка техника, која е спротивна на претходната, камео техника. Потекнува од италијанскиот збор ***intaglio***, што означува резба. Оваа техника на

[17] Gray, F., 1984, 191-192

декорација се користи при обработка на проѕирни и полупроѕирни камења. Се изведува на тој начин што во каменот се врежува претстава со човечки или животински мотиви. Додека кај камео техниката имаме пластичност на мотивот во позитив, при користење на интаљо техниката, врежувањето на мотивот е во негатив. Готовите предметите изработени на овој начин се нарекуваат геми и најчесто служеле за втиснување на жигови во восок за докажување на сопственоста. Гемите како такви, за да се зачуваат и да ја зачуваат својата автентичност, биле вметнувани во накит, најчесто прстени, кои сопствениците ги поседувале.

### II.2. Златарски техники

Златарството претставува посебна гранка во обработката на металите. Најчесто се поврзува со обработката на златото, но всушност се работи за обработка на благородните метали (злато, сребро, како и бронза итн.). При обработката на металите се користеле ситни и едноставни алати, коишто најчесто се дело на самите златари.[18] Различниот пристап во обработката на металот, доведува и до различни техники на декорација кои ќе биде употребуван во самиот процес на обработка. Подолу ќе бидат претставени некои од најчестите техники на обработка на металите и нивна декорација.

**Лиење на металите** за изработка на накит не е непознато, но не е и толку многу распространето. Причината за тоа е многу едноставна, а се работи за рационално користење на ресурсите, односно благородните метали кои се употребуваат при изработката на накитот. Тука ги вбројуваме неможноста да се изработат калапи со точно одредена тежина која ќе биде универзална, како и неможноста да се растопи точна количина на ресурсот (злато, сребро...) којшто ќе биде употребен при изработка на накитот.[19] Секако, поимотните и помоќните во општеството можеле да си дозволат да имаат и ваков тип на накит.

**Ажурирање** – претставува процес на сечење, односно пробивање на металот со различни длета и други рачни алатки. Со пробивањето на металот се добиваат најразлични мотиви, кои во зависност од потребата и периодот во кој е изработуван накитот, мотивите

[18] Ogden, J., 1992, 264
[19] Ibid, 264

се различни. Ажурирањето има повеќе називи во стручната литература кои се употребуваат,[20] но најчесто користен на нашите простори е терминот ***ажурирање*** или пак ***opus interrasile.***[21] Ваквата обработка на металот е особено карактеристична во доцноантичкиот период, но се употребува и во постарите епохи. Оваа техника е најчесто користена во обработката на златото. Процесот на ажурирање започнувал со формирање на тенок златен лим, кој со помош на чекани е доведуван до посакуваната дебелина. За изработка на лимот се користело злато со чистота од 90% до 96%, кое во себе содржи и мала количина на сребро и бакар. Потоа, на златниот лим, со фини и меки алатки се означувал орнаментот на накитот. Откако орнаментот е означен, златарот започнува со перфорацијата на лимот. Перфорацијата ја вршел со длета, чекани и други алатки, кои најчесто биле изработувани од самите златари за нивните потреби. Доколку орнаментот бил сложен, златарот користел само длета или едноставни остри алатки, без употреба на чекан, за да не дојде до поголемо оштетување на тенкиот лим. Откако ќе се заврши перфорацијата на орнаментот, следува негово сечење, повторно со длета. Откако орнаментите ќе бидат исечени и формирани на тенкиот лим, се запонува со нивно фино обработување, односно со користење на турпија со кружен пресек се обработуваат грубите краеви на орнаментите. Ваквата обработка го прави накитот многу кревок и лесен за оштетување, па затоа најчесто од задната страна накитот се зацврстува со т.н. ***S*** куки за прикачување, коишто се фиксирани на вкрстени жици кои се залемени за лимот.[22]

**Лемење или заварување**– претставува процес во којшто стопен метал се додава на местото на спојот, а со самото ладење на металот компонентите се врзуваат и создаваат цврст спој. Златарите во најголем дел од својата го користат лемењето, со чијашто помош успеваат да го изработат или да финишираат одреден накит. Се користи во изработката на прстените, односно да се спојат краевите на алката од прстенот, при додавање на висулци на накитот, при додавање на куките за прикачување од задната страна на обетките, како и во процесите на изработка на накитот во техниките на гранулација и филигран. Спојувањето може да се изврши на два начини и тоа.[23]

[20] М. Поповић, И. 2021, 266
[21] Alleyne – Higgins, R., 1961, 31
[22] М. Поповић, И., 2021, 266-267
[23] Ogden, J., 1992, 51

- Првиот претставува процес во кој деловите од предметот кои се во меѓусебен контакт, се загреваат до температурата на топење на металот, кога деловите од предметот се врзуваат еден со друг, а по ладењето се добива компактен и цврст спој. Овој процес бара многу внимание и загревање.
- Вториот процес се состои од додавање на легура на металите кои се спојуваат, со малку примеси од други метали. Легурата како таква има пониска точка на топење од основниот метал, па така се додава растопена легура на спојот на деловите на предметот.

**Цизелирање** – претставува процес на плитко грепчење на површината на предметот со разни шилести алатки. Процесот се изведува на предната страна на предметот кој се обработува.

**Гранулација** – потекнува од латинскиот збор ***granum*** што означува зрно. Тоа е златарска техника кадешто површината на предметот е декорирана со мали топчиња (зрна, гранули) со метал од којшто е изработен предметот. Гранулацијата најчесто се користела за декорирање на накит, како и на полуксузни предмети кои не се за секојдневна употреба. Точниот начин на изведување на оваа техника не е познат во целост. Гранулацијата е можеби најтешката техника на декорација на накитот, која од златарот бара голема вештина и прецизност, а процесот за гранулација можеме да го поделиме во три генерални фази:[24]

- Добивање на гранулите
- Позиционирање на гранулите
- Спојување на гранулите

Како прва и најмистериозна фаза на ова техника се јавува изработката, односно добивањето на гранулите. Со дебелина од само 1 mm, овој процес одземал многу време и енергија на самиот златар. Иако, во процесот на добивање на гранулите, de Callataÿ

[24] de Callataÿ, F., 1983, 185-190

набројува повеќе начини за да се добијат, сепак еден единствен, познат и унифициран, а притоа и зачуван начин на изработка на гранулите, не е познат.[25]

По процесот на добивање на гранулите, следува нивното позиционирање, односно поставување на недовршенот накит, пред истите да бидат споени, односно залемени. Во пристапот на поставување на гранулите, златарот има максимална слобода за тоа каде да ги постави гранулите. Гранулите може да го прекриваат целиот предмет или пак да прекриваат само еден дел од него. Со гранулацијата може да се изработуваат линеарни или геометриски мотиви по површината на предметот, потоа да се направи рамка од гранули околу рабовите на предметот или пак да се нагласат одредени силуети.[26]

Процесот на спојување, односно, т.н. залемување на гранулите со самата површина на предметот е најтешкиот процес од целата техника на гранулација. Веќе поставените гранули на предметот, може да бидат залемени на повеќе начини, но точно еден и единствен начин не е познат, односно самиот процес на спојување се сведува на претпоставки. Едниот начин е покрај веќе поставените гранули, да се додаде една тенка лента или жица од легура на металот од којшто е изработен предметот и истата да биде загревана до точка на топење, што ќе предизвика соединување на гранулите со површината на самиот предмет.[27] Вториот можен начин е дека гранулите се фиксирани со некакво лепило за предметот и потоа, предметот и гранулите се загреваат до точка кадешто површината на предметот започнува да се топи и гранулите се фиксираат со површината на предметот. Овој процес е возможен само со поголеми гранули на коишто точката на топење им е повисока.[28] Секако, можеме да заклучиме дека процесот на гранулација е долг и исклучително тежок, а од самиот златар се барало многу искуство, трпение и вештина.

**Филигран** – техника на изработка на накит која се состои од извлекување на тенки жици правејќи најразлични орнаменти. Неговите почетоци не се сосема јасни, многу ретко се среќава во Микенската култура. Врвот на развитокот го доживува во периодот од V до III век п.н.е., во грчкото јувелирство, каде што се изработуваат накити од филигран во

[25] За можните начини и опции за изработка на гранулите види de Callataÿ , 1983, 185-186
[26] Alleyne-Higgins, R., 1961, 19-20
[27] Ogden, J., 1992, 51-53
[28] De Callataÿ, F., 1983, 187-188

најразлични форми.[29] Најчесто користен метал за изработка на накит од филигран е среброто, а потоа е златото. Дебелината на чипките зависи од спремноста на мајсторот и начинот на којшто ќе го изведе филигранот, но во најголем дел од случаите тие жици не се подебели од 1 mm. Тенките жици, може да бидат изведени на тенок метал, којшто претставува костур и на кој се оформуваат орнаментите, или пак, самите жици да го прават костурот и крајниот резултат да биде накит којшто ќе наликува на чипка.

**Ниело** – претставува материја со црна боја, која е составена од еден или повеќе метални сулфиди. Ниелото се користело за декорација на златото, а најмногу на среброто.[30] Металните сулфиди во прав се вметнуваат во изгравираните процепи и вдлабнатини на површината на металниот предмет, потоа истите се загреваат до точка на топење кога се спојуваат со предметот на кој се нанесува. Како техника на инкрустрација, по нанесувањето, остатокот од ниелото се отстранува и површината на предметот се полира, со што ниелото добива посебен сјај, а особено ваквиот контраст доаѓа до израз кога ниелото е вметнато во злато и во сребро. Изгравираните декорации може да варираат од едноставни геометриски мотиви и натписи, до комплексни сцени. Ниелото како техника се појавува уште во древниот Египет, ја има на микенските мечеви и опстојува низ историјата на Рим и средниот век, за својот најголем подем да го има во времето на ренесансата во Италија.

**Таушираање** – златарска техника со која во вдлабнатините на еден метал се вметнува друг метал со контрастна боја. Ваквата постапка најчесто се изведува со вметнување на злато во сребрени предмети или пак злато/сребро во железни предмети. Ваквиот начин на декорација најчесто се користел при декорација на скапо, односно парадно оружје или накит.

### II.3. Обработка на стакло

Стаклото како материјал, освен тоа што е употребуван во изработката на стаклени предмети користени во секојдневниот живот во антиката и секако до ден денешен, своја намена наоѓа и во изработка на украсни предмети, односно во изработката на накитот. Во

[29] Marshall., F.H., 1911, LV
[30] Alleyne – Higgins, R., 1961, 28

изработката на накитот, стаклото се употребува најмногу при изработката на белегзиите, а секако тука се неминовни и прстените кои, освен тоа што најчесто се изработени од некој метал, може да бидат изработени и од стакло или пак во нив да биде вметната стаклена гема или камеја како дополнителна декорација на прстенот. Секако, стаклото пронаоѓа намена и во дополнителната декорација на обетките, односно истото може да биде вметната најчесто камеја која ќе даде посебен и поубав изглед на обетката.[31]

Изработката на стаклените белегзии најчесто ја поврзуваме со процесот на калапење. Тој процес се користи и при изработката на други предмети од стакло, па затоа во оваа прилика нема да го објасниме тој процес туку вниманието ќе го насочиме кон други техники. Мајсторот најчесто користел две техники кои се познати во науката, а тоа се: изработка на белегзии со шевови и без шевови. И двете техники се изработуваат со слободна рака.

**Изработка без шевови** – се работи за процес на изработка на стаклени белегзии во кој од печката за стакло, со метална шипка се зема одредена количина на загреано и растопено стакло. При тоа, со брзи движења (со или без помош на други алатки) стаклото се отстранува од металната шипка за која е залепено. Потоа, шипката се боде во средината на стаклената маса и стаклото се врти на металната шипка и постепено се загрева, сè додека не се добие посакуваната кружна форма. Вака изработената белегзија од внатрешната страна најчесто има остатоци од дамки како корозија, коишто се резултат на допирот помеѓу стаклото и металната шипка во процесот на изработка на белегзијата.

**Изработка со шевови** – во овој процес на изработка на белегзијата од печката за стакло се зема одредена количина на растопено стакло кое е залепено на врвот на металната шипка. Со помош на друга шипка или пак некоја алатка, се исцртува кружна форма на белегзија, и со превиткување на стаклената прачка се затвора кругот. Во овој случај при затоворањето на кругот се забележува местото каде се преклопуваат и спојуваат краевите на стаклената прачка, односно видлив е т.н. шев, односно самиот спој. Сепак, ваквиот проблем на забележливост и воочливост на шевовите при изработката на овој начин бил решаван со дополнително загревање на белегзијата, односно стаклото, со

[31] Изработката на геми и камеи е веќе објаснета погоре во истата глава 2 од тезата (2.1. Глиптички техники)

што тоа добива покомпактен спој кој не е толку воочлив. Со ваквиот пристап се отежнува констатирањето на пристапот и начинот на којшто е изработена белегзијата, односно предметот. [32]

Како дополнителна декорација во изработката на белегзиите од стакло се јавуваат различни мотиви. Така, одредени мотиви биле изработувани рачно со рачни алатки по површината на белегзијата, додека пак други биле исцртувани на калапи, во кои потоа е ставана белегзијата, малку загреана, со цел на неа да се втиснат мотивите од калапот. Самите калапи не служеле за изработка на белегзиите, односно само за нивна декорација откако претходно веќе биле изработени. Посебен вид на декорација претставуваат тордираните белегзии. Всушност, овој вид на декорација е изведен уште во почетните фази на изработка белегзијата кога прачката на која е залепено загреаното стакло постојатно се врти, со што стаклото извртува и добива лик, декорација, која во науката е познат како тордирање.

### II.4. Обработка на коска

При археолошките истражувања, многу често како накит, се откриваат предмети изработени од коска.[33] Коската како материјал е многу специфичен за обработка и од мајсторот бара многу трпение и прецизност. Најпрво, за изработка на еден предмет од коска, потребен е правилен избор на коската, односно од кој дел на телото ќе биде, дали ќе биде коска или рог, од кое животно ќе биде коската итн. Од таа гледна точка, многу зависи и кои постапки за подготовка, а потоа и обработка на коската ќе бидат потребни.[34]

При изработката на накитот од коска, од големо е значење е видот на накитот кој ќе биде изработен. Па така, прстените и монистата може да се изработуваат од целосно парче коска или рог (во некои случаи и по повеќе примероци од една коска), додека пак белегзиите може исто така да бидат изработени од едно парче (доколку се работи за рог или некоја многу поголема коска) или пак, да бидат изработени од повеќе делови кои потоа ќе бидат споени. Спојките на белегзиите најчесто се изведувале со бронза или пак

---

[32] Spaer, M., 1988, 52

[33] Во оваа прилика му се заблагодарувам на м-р Златко Кованцалиев, вработен во НУ Музеј – Гевгелија, кој ми помогна за материјали и датација на коскени предмети.

[34] Hrnčiarik, E., 2017, 20-25 (повеќе за процесите  на обработка на коската види кај авторот)

железо,[35] додека кај полуксузните примероци било користено злато и сребро. При изработката на накитот, постојат повеќе постапки  и методи кои се применуваат за да се добие крајниот резултат. Во продолжение ќе бидат прикажани дел од нив.

**Перфорирање –** постапка со која во коската се прави дупка низ средината и од која понатаму продолжува процесот на обработка. Оваа дупка, односно перфорација, може да биде со мал дијаметар, доколку се работи за мониста како дел од накит или пак, дупка со поголем дијаметар, доколку се работи за прстен или белегзија.

**Брусење –** процес со којшто на предметот му се дава обликот и формата во која ќе биде изработен. Брусењето најчесто се изведува со метални турпии специјално наменети за тоа, коишто ја даваат крајната форма на предметот.

Процесот на декорација се изведува по телото на предметот од надворешната страна, видлива за другите во општеството. Декорацијата може да се изведува во релјефи, како дел од глиптиката или пак да се врежува. Врежувањето било изведувано со посебни длета (налик шестари) за таа намена.[36] Декорацијата може да варира од едноставни до точки по површината на предметот, потоа концентрични кругови, триаголници и други геометриски мотиви. Декорацијата на предметот зависи од техничката подготвеност на мајсторот за изведба на декорацијата. Секако, некои од авторите врз основа на деорацијата се обидуваат да извршат потесна датација на предметите, иако тие декоративни елементи се користат подолг временски период. За крај, откако целиот предмет ќе биде изработен и целата декорација ќе биде изведена, предметот се полира до сјајност, со што добива еден луксузен изглед.

[35] Bíró T., M., 1994, 9
[36] Ibid, 1994, 9

## *III. Накитот во Стоби*

Со долгогодишните археолошки истражувања на античкиот град Стоби, откриени се многубројни археолошки наоди, а меѓу нив е и накитот. Накитот како посебна археолошка категорија, особено од римскиот период, е многу малку обработен во Република Македонија. Збирката на накити од археолошкиот локалитет Стоби е многу богата и истата речиси и да не е обработена, со исклучок на одредени наоди или пак структури, кои се делумно публикувани како дел од извештаи за истражувања или пак кратки научни трудови, во кои се обработуваат дел од накитите од Стоби, но во споредба со она што го содржи збирката, тоа е многу мал процент.

Накитот од Стоби во најголем процент доаѓа од истражувањата коишто се спроведени на некрополата, додека пак многу помал процент на накити се откриени при истражувањата во урбаниот дел на античкиот град Стоби. Тоа и не треба воопшто да чуди затоа што накитот најчесто се врзува за личноста која што го носела, па така, иако одредени типови на накит се откриваат при археолошките истражувања на урбаниот дел, најголемиот дел од нив се откриваат во погребувања, како гробни прилози кон покојникот.

Целата палета на накити коишто ги поседува НУ Стоби во своите депоа, се од различен материјал, луксузни и помалку луксузни. Како предмети кои се јавуваат се прстени, обетки, белегзии, игли-укосници, фибули, ѓердани, дијадеми итн., со најразлични видови и форми, од различни временски периоди, секој предмет посебен и уникатен сам по себе.

## *IV. Обетки*

Обетките како категорија на накит, се едни од најчестите наоди коишто се откриваат при археолошки истражувања, особено при истражувањето на некрополите. Носени се најчесто од страна на жените, но секако дека има и примери каде се носени и од страна на машки индивидуи. Обетките претставуваат дел од идентитетот на индивидуата,

При истражувањата во Стоби пронајдени се обетки изработени од злато, сребро и бронза. Најголемиот дел од обетките се оние изработени од злато, вкупно 56 на број, потоа од бронза, вкупно 17 обетки и 1 сребрена обетка. Обетките откриени на Стоби, типолошки ќе ги определиме во две категории и тоа: обетки од затворен (тип прстенеста алка) и обетки обетки од отворен тип („S" кука). Овие типови имаат свои варијации кои дополнително ќе бидат претставени како поткатегории на основната категорија.

### IV.1. Обетки со прстенеста алка (затворен тип)

Овој тип на обетки претставуваат најраширениот тип на обетки кој егзистира низ повеќе периоди во минатото, започнувајќи од класичниот период, потоа хеленистичкиот и на крај во римскиот период.

При преминот во секој нов период, овој тип на обетки доживува по некоја трансформација од неговиот изворен изглед, која може да се однесува во начинот на изработка, начин на затворање на обетките, дали има одредени додатоци (висулци, перли) итн.

При истражувањата на Стоби овој тип на обетки е најзастапен, со повеќе свои поткатегории. Во продолжение ќе бидат прикажани поткатегориите на прстенестите обетки.

#### IV.1.1. Обетки со прстенеста алка и краеви што не се допираат

Обетките од овој тип припаѓаат на отворен тип на обетки кои не ја затвораат целосно алката на обетката. Се работи за обетки кои најчесто имаат прстенеста алка со кружен пресек, на кои краевите им се малку зашилени и не се допираат.

При истражувањата на западната некропола во Стоби, во гробовите како прилог се пронајдени обетки од ваков тип. Се работи за четири бронзени обетки (кат. бр. 1-3; РН-95-55-пар обетки, РН-95-120, СП-08-25) кои се со кружен пресек и краеви кои се стеснуваат, рамно се пресечени и не формираат целосен круг. Обетката со инвентарен број РН-95-120 (кат.бр.2) најверојатно припаѓа на оваа категорија.

Обетките од овој тип се карактеристични за целиот антички период, а аналогии на обетките од овој тип може да бараме на исток во соседна Бугарија каде обетките се датираат во I и II век,[37] додека пак на север се забележуваат и во доцната антика како и во периодот на Големата Преселба на народите. Двете бронзени обетки со инв.бр. РН-95-55 се пронајдени во погребување 1265, којшто тип на гробови - тип конструкција со кров на две води, се датираат во II-III век.[38]

### IV.1.2. Обетки со прстенеста алка со спирално намотани краеви

Овој тип на обетки е еден од најраспространетите, кој и пред римскиот период е доста карактеристичен и егзистирал од египетската култура, преку микенската и етрурската, се до римскиот период.[39] Правецот на ширење на овој тип на обетки е невозможно да се следи, затоа што е распространет низ целата територија на римската империја. Обликот на овој тип на обетки е карактеристичен и за прстени и белегзии.

Ваквиот тип на обетки е најкарактеристичниот во примероците од Стоби. Застапен е со 46 примероци, од кои 39 се златни (кат.бр.4-37), а 5 се бронзени (кат.бр.38-41). Обетките се изработени од тенка жица, златна или бронзена, со кружен пресек. Краевите на обетките се преклопуваат, односно разминуваат и спирално се намотани околу прстенестата алка. Кај примероците изработени од златна жица, по телото на алката има врежани паралелни линии како дополнителна декорација на обетката. Ваквиот тип на обетки, се датираат во периодот од I-III век. Аналогни примероци, пронајдени во Македонија,[40] Србија,[41] Бугарија,[42] Грција[43] и Унгарија,[44] се датираат во периодот II-III

[37] Ruseva – Slokoska, Lj. 1991, 104, Cat. 1,2
[38] Димитровска, М., 2020, 58-61 (авторот комплетно го обработува материјалот пронајден во погребувањата од ваков тип)
[39] Пешић, Ј., 1995, 26; Ruseva – Slokoska, Lj., 1991, 25
[40] Соколовска, В., 1986, Т.47, сл.7
[41] Milovanović, B., Raičković, A., Redžić, S., 2006, 65;

век, додека одредени примероци се датираат и  во IV век. Таков пример имаме со парот златни обетки (MF-73-19/20) пронајдени  во погребување, датирано во IV век.[45]

### IV.1.3. Обетки со прстенеста алка со спирално намотани краеви и додаток (приврзок, перла и слично)

Обетките од овој тип се помалку карактеристични од погребувањата во Стоби. Изработени се од тенка жица, со кружен пресек. Краевите на обетките се идентични како претходниот тип, со тоа што овие обетки на алката имаат додаток во форма на висулец, перла, драг или полудраг камен, како и коска.

При истражувањата во Стоби, откриени се вкупно девет вакви примероци на обетки и истите можеме да ги поделиме во неколку варијанти:

- *Обетки со прстенеста алка и спирално намотани краеви и додакот монисто, висулец или перла*

Ваквиот тип на обетки во Стоби е познат од истражувањата на западната некропола, каде се откриени пет примероци (кат.бр. 42-45). Две од обетките (кат.бр.42 - PH-92-336; PH-92-337) се изработени од тенка златна жица со краеви коишто се разминуваат и спирално се намотани околу алката на обетката. Во просторот помеѓу спирално намотаните краеви вметнати се перли. Третиот примерок (кат.бр.43 - PH-95-181) е изработен од тенка златна жица со краеви коишто се разминуваат и на едниот крај е нанижано стаклено монисто. Четвртиот примерок (кат.бр.44 - PH-95-231) е исто така изработен од тенка жица со краеви коишто се разминуваат и се наједноставно намотани. Пронајдена е во погребување со најразлични наоди кои се датираат во периодот на II-III век. На алката од обетка е нанижано стаклено монисто. На оваа поткатегорија припаѓа и една бронзена обетка (кат.бр.45 - PH-95-67) која како додаток на својата алка има аморфен коскен висулец.

---

[42] Ruseva – Slokoska, Lj. 1991, 104, Cat. 3a
[43] Μακρπολου, Δ, 2007, 445-446 (видено кај: Koromila., C., 2017, 72-73
[44] Facsády, A., 2009, 117, cat. I/a, 245
[45] Wiseman ,J., Mano-Zissi, Dj., 1974, 134, Figure.14

- *Обетки со прстенеста алка и спирално намотани краеви и висулци изработени од златна жица и перла*

Се работи за четири примероци од овој тип на обетки (кат.бр. 46-48). Висулците на оваа поткатегорија се изработени од златна жица која може да биде намотана или пак не и која на самиот крај може да има камен и бисер. Примероците откриени во гроб 621 (кат.бр. 46-47 - PH-92-93; PH-92-94), како и примероците од гробот 746 (кат.бр.48 - PH-92-231 – пар обетки) припаѓаат на оваа поткатегорија. Примероците откриени во гроб 621 (PH-92-93 и PH-92-94) врз основа на другите наоди во гробот се датираат во I век.[46] Според аналогиите во регионот овие обетки се датираат се датираат главно во II и III век,[47] иако продолжуваат да се користат и во IV век.[48]

- *Обетки со прстенеста алка и спирално намотани краеви и додаток златен висулец*

Познати се два примероци (кат.бр. 49-50) од истражувањата на западната некропола во Стоби од овој тип на обетки. Слични се со претходната поткатегорија, со тоа што разликата е во самиот висулец. Примерокот од погребување (PH-98-7) претставува обетка изработена од тордирана жица, на чија алка е додаден висулец во вид на ѕвоно, изработен од тенок лим во техника исчукување. Вториот примерок е исто така златна обетка (НК-09-39) која на алката има прикачено златен висулец во кој е вметната бела маса на која има изгравирано крст. Бидејќи немаме доволно податоци за контекстот на пронаоѓање и откривање на обетките, нивна попрецизна датација не можеме да дадеме. Аналогни примероци на обетката PH-98-7 пронаоѓаме во Романија, каде се датирани во II-III век,[49] додека пак во Србија истите се датираат во малку поширока рамка од II-IV век.[50]

### IV.1.4. Обетки со прстенеста алка со спирално намотани краеви и златен лим со перла

[46] Шурбановска, М., Здравковски, Д., 1996, 94-96
[47] Milovanović, B., Raičković, A., Redžić, S., 2006, 65
[48] Facsády, A., 2009, 80-81; Tomaš-Barišić, T., 2014, kat.81-82
[49] Lungu, V., Covacef, Z., Chera, C., 2012, cat.139; 142, Pl.XXXI (посочените примероци се најслични со нашиот примерок, иако во посочената литература има поголем број на варијанти, кои најмногу се разликуваат во изведбата на декорацијата на ѕвончето)
[50] Milovanović, B., 2004, 133-135

Ваквиот тип на обетки не се многу карактеристични и се многу ретки. Обетките може да бидат изработени од тенка или подебела жица со кружен пресек, на која што е залемено лежиште за перла, изработено од плочеста жица, односно подебел лим. Овој тип на обетки од истражувањата во Стоби е застапен со еден примерок (кат.бр.51 - РН-95-399), на којшто во лежиштето е вметната стаклена перла, која е перфорирана во средината. Според аналогии во Хрватска, слична обетка, која разликата ја има само во начинот на затворање (со петелка и кука за прикачување), и која се наоѓа во Археолошкиот Музеј во Загреб, се датира во периодот I-III век.[51]

### IV.1.5. Обетки со прстенеста алка и краеви со петелка и псевдоштит

Овој тип на обетки, најчесто се со едноставна прстенеста алка, на која на едниот крај има формирана петелка. Овој крај на обетката, по формирањето на петелката, густо се навива околу прстенестата алка на обетката. На тој начин се формира главата на обетката, која со спиралното навивање добива изглед на волута или т.н. псевдоштит. Другиот крај на обетката влегува низ петелката и спирално се навива околу прстенестата алка. Обетка од ваков тип е пронајдена и на Стоби (кат.бр.52 - РН-95-443), при истражувањата на западната некропола. Аналогиите на овој тип на обетки се познати во Србија,[52] Унгарија[53] и Хрватска.[54] Овој тип на обетки најчесто се датира во периодот II-III век.

### IV.1.6. Обетки со елипсовидна алка и плочеста глава

Обетките од овој тип се изработени од едноставна прстенеста или елипсовидна алка со петелка и кука за прикачувања. На алката најчесто е залемена кружна или квадратна, плочеста глава, изработена од лим во техника исчукување и ажурирање. Во средината на главата најчесто е оставено лежиште за перла. Во долниот дел од главата на обетката се залемуваат висулци со различен облик. Ваквиот тип на обетки е карактеристичен за II-III век.

При истражувањата на Стоби пронајдени се две обетки од овој тип (кат.бр.53 - РН-92-79; РН-92-80). Едната од нив е сочувана целосно, додека од другата е сочувана главата

[51] Perok, N., 2012, 40
[52] Milovanović, B., Raičković, A., Redžić, S., 2006, 65
[53] Facsády, A., 2009, 80
[54] Perok, N., 2012, 20

на обетката, заедно со алката за прикачување, без висулци. Обетките се пронајдени во погребување. Изработени се од прстенеста алка за прикачување со спирално намотани краеви, главата претставува правоаголна плочка со отвор во средината и лежиште во кое е вметната стаклена перла, додека висулците се изработени од златна жица која на едниот крај е со петелка и е прикачена за главата, а другиот формира јазол. На жицата се вметнати стаклени перли кои се перфорирани во средината. Кон датацијата на овие обетки се надоврзуваме и на останатите движни наоди пронајдени во погребувањето, а истите упатуваат на II-III век.[55] Со оглед на тоа дека слични аналогии во блиското соседство не се пронајдени, ќе се држиме до веќе споменатата датација.

### IV.1.7. Обетки со елипсовидна алка и куполеста глава

Овие обетки се изработени од едноставна прстенеста или елипсовидна алка на која краевите и се преклопени и спирално навиени или пак имаат петелка на едниот крај и кука за прикачување на другиот крај. Главата на обетката е изработена од тенок златен лим во форма на купола, изработена во техника исчукување и истата е залемена за алката на обетката. Обетките со ваква декорација на алката се карактеристични за I-III век.

Примероци од овој тип на обетки пронајдени на Стоби се вкупно пет (кат.бр.54-57). Два примерока од овој тип на обетки (PH-95-19; PH-95-21) имаат петелка на едниот крај, додека другиот крај е од жица протната низ петелката и потоа истата спирално е навиена околу жицата. Останатите три обетки (PH-95-74; PH-95-244 - пар обетки) се со краеви коишто се преклопени и спирално се навиени.

Обетките од ваков тип се карактеристични за периодот II-III век, иако некаде се откриваат и во порани контексти од I век. Типичен пример за тоа е обетката (PH-95-19) откриена во гробот 1187, каде покрај обетката, откриена и луцерна (L-95-12) датирана не подоцна од I век.[56] Обетките од гробот 1776[57] (PH-95-244) се пронајдени заедно со едно ојнохое кое е датирано во периодот на II-III век,[58] додека пак обетката од гробот 1332 (PH-95-74) е пронајдена заедно со сет коскени плочки за ткаење, кои се датираат во поширока

---

[55] Шурбановска, М., Здравковски, Д., 1996, 110
[56] Јакимовски, А., 2012, 129
[57] Повеќе за типот на гробна конструкција види: Димитровска, М., 2020, 89-94
[58] Brukner, O., 1981, 116, T.141

временска рамка од I-IV век.[59] Според аналогиите во регионот, Русева-Слокоска ја поддржува датацијата во периодот I-III век,[60] а кон оваа датација се додаваат и аналогните примероци од Романија, откриени во близина на Констанца,[61] додека пак според примерите од соседна Србија и Унгарија се датираат во II и III век.[62]

### IV.1.8. Обетки со прстенеста алка и краеви со петелка и кука

Обетките се разликуваат од останатите горенаведени типови по начинот, односно механизмот на затворање. Овој тип на обетки може да варира од наједноставна прстенеста алка со краеви оформени со петелка на едниот и кука за прикачување на другиот крај, до посложени типови со најразлични додатоци, висулци итн.[63]

Ваквиот тип на обетки според досегашните истражувања на античкиот град Стоби, не се многу карактеристични. Пронајдена се три обетки од ваков тип (кат.бр. 58-60). Првата е златна обетка (НК-09-81) со едноставна прстенеста алка со кука и петелка. Втората обетка е сребрена обетка (PH-10-255) со прстенеста алка и кука и петелка на краевите. За разлика од златната обетка, сребрената обетка на долниот дел од алката на обетката има три  кружни испакнувања како дополнителна декорација на обетката. Овој тип на обетки со едноставна прстенеста алка и со петелка и кука за прикачување на краевите се карактеристични во периодот II-IV век. Според аналогиите во регионот, обетките откриени во Констанца, Романија, се датираат во истиот временски период,[64] додека пак Русева-Слокоска за обетките од овој тип дава поширока рамка од I-IV век.[65] Аналогните примероци од Аквинкум, Унгарија, се пронајдени во контекст од III-IV век.[66]

Во овој тип на обетки како еден вид на поткатегорија ќе ја вброиме и една обетка откриена со истражувањата спроведени во 1975 година. Се работи за бронзена обетка (MF-75-1) со идентичен механизам за затворање на обетката, со петелка и кука на

---

[59] Кованцалиев, З., 2018, 412-414
[60] Ruseva – Slokoska, Lj. 1991, 26;  Cat. 3b,106
[61] Lungu, V., Covacef, Z., Chera, C., 2012, cat.17-18 (Pl.XII); cat.26-31 (Pl.XIII)
[62] Milovanović, B., Raičković, A., Redžić, S., 2006, 66; Facsády, A., 2009, 80
[63] Milovanović, B., Raičković, A., Redžić, S., 2006, 63-64
[64] Lungu, V., Covacef, Z., Chera, C., 2012, cat. 53-59; Pl. XVII
[65] Ruseva-Slokoska, Lj., 1991, 27-28 (Авторот ги сместува сите обетки со овој систем на затворање во една датација, која варира во зависност од дополнителниот начин на декорација на обетките)
[66] Facsády, A., 2009, cat. 250-255

краевите, со тоа што оваа обетка се разликува од останатите бидејќи на неа има нанижани три стаклени мониста.

### IV.1.9. Обетки со краеви што се преклопуваат

Ваквиот тип на обетки не е многу карактеристичен во погребувањата од римскиот период во Стоби. Обетките се изработени од бронзена жица со кружен пресек. Две обетки од ваков тип се откриени при археолошките истражувања на Стоби (кат.бр. 61-62). Првата обетка (PH-92-406) е изработена од тенка жица со кружен пресек, со краеви коишто се преклопуваат, додека пак вториот примерок (PH-95-24) е мала деформирана бронзена обетка со краеви коишто се разминуваат, но заради деформацијата која ја има, обетката во моментов има форма на латиничната буква ***P***.

Овој тип на обетки хронолошки не е многу осетлив, така што може да се очекува низ целиот период на антиката, а со сигурност и подоцна. Најблиску пронајден аналоген примерок од типот на обетки со преклопени краеви имаме на античкиот локалитет Скупи. Се работи за сребрена обетка со заострени и преклопени краеви, датирана во периодот на II-III век.[67]

### IV.1.10. Неидентификуван тип на обетки

Се работи за една обетка чија изработка е помалку чудна. Бронзената обетка (PH-95-18 – кат.бр. 63) е изработена од тенка бронзена жица, која била искована во форма на бројот ***8***, а потоа била свиена на половина, со што се добива една обетка со двојна алка. Овој тип не е карактеристичен во соседството и не беше пронајдена ниту една аналогија на овој примерок. Најверојатно се работи за локално производство, каде мајсторот самиот експериментирал со формата на обетката. Поради корозијата на обетката не е јасно како се изведени краевите, односно кој е механизмот на затворање на обетката. Датирањето на обетката може да се изврши врз основа на другите предмети пронајдени во погребувањето. Луцерната (L-95-12) која е пронајдена во погребувањето е најосетливиот елемент кој ќе помогне при датацијата на оваа обетка. Ваквиот тип на луцерни се користи не подоцна од I век. Кон ова ќе ја додадеме и постоењето на порано датирани обетки од

[67] Микулчић, И., 1975, 98, T.XII, 68, гроб 23

типот со елипсовдна алка и куполеста глава,[68] пронајдени во погребувањето. Врз основа на овие факти и моментот дека обетката е пронајдена во затворен контекст, истата ја датираме во периодот на I век.

## IV.2. Обетки со „S” кука (отворен тип)

Механизмот на прикачување со „S” кука најдобро го отсликува отворениот тип на обетки. За разлика од претходните типови, кадешто алката е затворена и се фиксира за увото, на овие типови на обетки, на жицата која е со „S” форма, заштитниот дел на крајот од жицата е неопходен. Главата на обетката може да биде изработена во повеќе форми: кружна, елипсовидна, квадратна или правоаголна, пирамидална, како и во најразлични техники: исчукување, ажурирање, вметнување на камен, стаклена паста или камеи, со приврзоци или без.

Нивното потекло доаѓа од хеленистичките обетките, коишто се раскошно декорирани со приврзоци,[69] кои за време на римскиот период доживуваат одредени промени, односно станунуваат поедноставни. Заради тоа, тие во голема мера се разликуваат од нивната изворна форма, а некои автори ги сметаат за грчко-римски.[70]

Со досегашните истражувања на античкиот град Стоби, откриени се неколку примероци од ваков тип на обетки. Сите примероци се откриени како гробни прилози. Во продолжение следуваат нивните поткатегории.

### IV.2.1 Обетки со „S” кука со лежиште

Карактеристично за овој тип на обетки е нивната глава со кружна, елипсовидна или квадратна глава со вметнат драг или полудраг камен, камеја или стаклена перла. Рамката за главата може да биде изработена во техника исчукување, ажурирање или пак истата да биде тордирана. Обетките може да имаат висулци или пак, прикачени директно на главата на обетката или пак на попречната греда.

[68] Луцерната и обетките се објаснети погоре во поглавје IV.1.7.
[69] Alleyne – Higgins, R., 1961, 160-168, pl.48
[70] Ruseva – Slokoska, Lj. 1991, 29

Ваквиот тип на обетки се јавува во погребувањата во Стоби и тоа со свои две варијанти.

- *Обетки со „S" кука и елипсовидно лежиште*

Во гробот 1009 од западната некропола во Стоби, откриени се ваков тип на обетки. Се работи за пар обетки (кат.бр. 64 - РН-92-344) со елисповидно лежиште од златна фолија во која се вметнати камеи изработени од полудраг камен. Камеите од страните се врамени со златна плетенка. На камеите е изведена претстава на женски бисти во црна позадина, едната свртена на лево, а другата на десно. Со врежување на линии во каменот, камеите добиваат схематизиран и линеарен релјеф.

Врз основа на начинот на изработка и декорацијата на обетка, како и врз основа на наодите пронајдени во гробот заедно со накитот, овие обетки се датираат во последната четвртина на II век.[71] Аналогни примероци ни се познати од Виминациум, каде се откриени неколку примероци со слични претстави на камеи и каде што најверојатно постоела глиптичка работилница.[72] Обетките се импортирани и најверојатно се изработени во една од работилниците во Виминациум или Дуросторум, коишто се најблизу познати работилници. Аналоген примерок на нашите обетки е пронајден во Дуросторум (денешна Силистра) којшто врз основа на изведбата на претставата и деталите кои ги има на камејата, се датира во првата половина на III век, кога ваквите изведби на камеите се многу карактеристични.[73]

- *Обетки со „S"кука и кружна глава*

Еден примерок од овој тип на обетки (кат.бр. 65 - РН-92-401) е пронајден при истражувањата на западната некропола во Стоби. Се работи за обетка со кружна глава која во техника исчукување и ажурирање се изведени орнаменти во форма на грчката буква **ɛ**, како и триаголници. Во средината е вметнато шестоаголно монисто на попречна гредичка.

[71] Николовски, Д., 2020, 372-373
[72] Popović, I., 2010, 212
[73] Димитрова, А., 1969, 47-48; Димитрова-Милчева, А., 1980, кат.298

Ваквиот начин на обработка на накитот е нов во Римската Империја и за разлика од другите техники кои потекнуваат и се континуитет на грчките, овој тип доаѓа од исток, односно западна Азија. За многу брзо време, овој начин на изработка на накитот станува атрактивен и многу користен.[74] За прв пат се забележуваат во втората половина на II век, а потоа доживуваат експанзија.[75] Аналогните примероци од Бугарија покажуваат дека овие обетки се користеле во периодот на III век,[76] кон истата датација се приклучуваат и обетките од Романија,[77] додека пак во Аквинкум преминуваат и се користат и до крајот на IV век.[78]

### IV.2.2. Обетки со „S" кука и лиена глава

Овие обетки од другите се разликуваат по начинот на кој е изведена главата на обетката. Куките одново се изработени од тенка жица со кружен пресек, додека пак главата може да биде изведена во техника полно лиење или пак притискање на лим, кој потоа е додаван на куката. И овие обетки, како и претходната категорија, ќе ги поделиме во две поткатегории.

- *Обетки со „S" кука и хемисферична глава*

Овој тип на обетки е наједноставниот од категоријата на обетки со „S" кука. На куката за прикачување е залемена хемисферична глава изработена од лим со притискање или пак истата да биде полно лиена.

Ваквиот тип на обетки не е многу карактеристичен во досегашните истражувања на Стоби. Се работи за еден примерок (кат.бр. 66 - PH-95-176) откриен во погребување. Обетката е едноставна со полно лиена хемисферична глава и „S" кука за прикачување.

Бројот на аналогни примероци во соседството покажуваат дека овој тип на обетки не е многу популарен. Започнуваат да се користат во I век, а продолжуваат да се користат и во текот на целиот II век. Аналогии слични на нашата обетка пронаоѓаме во соседна

[74] Alleyne – Higgins, R., 1961, 180
[75] Поповић, И., 1996, 29
[76] Ruseva – Slokoska, Lj. 1991, cat. 52a,52b, 124-
[77] Lungu, V., Covacef, Z., Chera, C., 2012, cat.210-211, Pl. XLI
[78] Milovanović, B., Raičković, A., Redžić, S., 2006, 68

Бугарија каде исто така се датира во периодот на I-II век,[79] додека пак примероците откриени во Аквинкум се датираат во периодот на II-III век.[80] Ваквиот тип на обетки во периодот на I-II век е широко распространет низ целата Римска Империја, а неговите корени и развиток останувааат енигма.[81]

- *Обетки со „S" кука и глава со претстави на животни*

Два примероци на обетки посебно се издвојуваат од останатите. Овој тип на обетки не е многу карактеристичен. Двете обетки (кат.бр. 67 - PH-95-136) од ваков тип се откриени во гробот 1526 на Стоби. Обетките се целосно лиени и истите имаат претстава на муви. На главата од обетките е закалена S кука изработена од тенка жица со кружен пресек. Некои од авторите сметаат дека овој тип на обетки потекнува од малоазискиот круг на накити.[82] Речиси идентичен аналоген примерок се чува во Британскиот Музеј, но за истиот нема прецизна датација.[83] Врз основа на другите наоди пронајдени во гробот 1526, авторот го датира ова погребување во III век.[84] Аналогни примероци од соседството не ни се познати.

---

[79] Ruseva-Slokoska, Lj., 1991, cat. 43a
[80] Facsády, A., 2009, cat. 273-274
[81] Alleyne-Higgins, R., 1961, 184, Pl.54/e
[82] Николова, Е., 2008, 265
[83] Marshall, F.H., 1911, 303, cat. 2628
[84] Николова, Е., 2008, 250

## V. Прстени

Од сите категории на накит коишто човекот ги носел на своето тело во минатото, прстените се тие коишто најмногу се застапени и воедно истите се најрепрезентативни. За изработката на еден квалитетен и убаво изработен прстен, сопственикот со сигурност не штедел средства за мајсторот. Тоа било така затоа што улогата и намената на прстенот не била само декоративна, туку истиот прстен може да прикаже различен општествен статус кој сопственикот го уживал. Прстенот претставувал на некој начин мерило и доказ за автентичност. Според Плиниј, прстените се носеле на левата рака, покриени со облеката и невидливи за очите на другите, но заради фактот дека војниците го држат штитот со левата рака, тоа е непрактично. Плиниј потенцира дека прстените се носени од страна на жените (по времето на Хомер), но не потенцира дека употребата на прстените потекнува специјално од жените и за жените.[85]

Дали прстенот ќе биде со квалитетна изработка или пак ќе биде наједноставен прстен со неговиот карактеристичен облик, зависи од тоа колку мајсторот е подготвен, во кој дел од империјата се наоѓа и колку влијанија има од околните поголеми градови.

Гледано наназад низ годините, во Република Македонија не е направена посериозна анализа, а со самото тоа и типологија на прстените коишто се присутни на оваа територија, за разлика од истражувачите во соседството, каде се направени детални анализи, типолошки категории и поткатегории. Од таа причина, примерите коишто ќе се користат ќе бидат повеќе насочени надвор од границите на нашата држава, отколку во границите на нашата држава.

Прстените од античкиот град Стоби, можеме да ги поделиме во две групи, и тоа: прстени со гема (камен) и прстени без гема (камен). Овие две групи понатаму може да се поделат на повеќе типови прстени, со свои аналогии во блиското соседство. Во Република Македонија не е направена посериозна типологија на прстените, па од таа причина примерите за аналогии од Македонија ќе бидат сведени на минимум. При обработката на материјалот употребена е типологијата на Annamária Facsády,[86] што не значи дека во

---

[85] PLINY, NH XXXIII, IV

[86] Facsády, A., 2009, 35-43

иднина нема можност да се изработи и посебна типологија за прстени коишто се откриени на античкиот град Стоби.

За време на обработката на материјалот, обработени беа вкупно 76 прстени, од кои: 1 златен прстен, 15 сребрени прстени, 53 бронзени прстени, 3 прстени од коска, 2 прстени од стакло, 1 прстен од гагат и 1 прстен од мермер. Одреден дел од прстените кои требаше да бидат вклучени во оваа теза се намерно запоставени, затоа што тие беа или премногу оштетени или кородирани до таа мера, што беше невозможно да се идентификуваат формата и типот на прстенот. Треба да се потенцира дека бројката на прстени кои се откриени на археолошкиот локалитет Стоби е многу поголема и истата се однесува на сите периоди кои се застапени на археолошкиот локалитет Стоби. Според типологијата на Facsády застапени се девет типа на прстени со свои поткатегории и една категорија на прстени коишто не се определени. Во продолжение следува типолошката обработка на прстените со пронајдени аналогии.

## V.1. Целосно лиени прстени (главата, рамената и телото се целина)

Главна карактеристика на овој тип на прстени е целината која ја прикажува. Целосно лиени прстени, каде главата на прстенот, рамената и телото се една целина, телото (алката) на прстенот се кружни или малку елипсовидни. На главата на прстенот најчесто има гема која кај некои примероци е сочувана, а кај некои примероци е изгубена. Главата не е нагласена и најчесто се држи до линијата и проширувањето на задебелените рамена на прстенот. Според типологијата на Мартин Хениг овој тип на прстени припаѓаат на тип II и тип XII, и тип I според Факсади.[87] Овој тип на прстени во примероците од Стоби е застапен со пет примероци во две поткатегории.

**V.1.1.** Оваа поткатегорија на прстени е препознатлива по речиси кружното тело и главата на која е поставена гема. Во материјалот обработен од Стоби оваа поткатегорија е застапена со еден примерок (кат.бр.68 - PH-95-400). Се работи за сребрен прстен пронајден во погребување. Прстенот е со речиси кружна форма, во долниот дел од телото алката е тенка, додека кон рамената се задебелува и завршува со главата каде е вметната гема. На гемата со врежување е изведена престава на лав. Ваквиот тип на прстени е

[87] Facsády, A., 2009, 36

застапен во римскиот период, поточно во II и III век. Оваа рамка се потврдува и со прстени пронајдени на други локалитети надвор од нашата држава, односно во соседна Бугарија во регионот на Ловеч, датиран во II век заедно со други наоди,[88] во Унгарија[89] исто така датирани во II век.

**V.1.2.** Поткатегорија на прстени на кои телото им е елипсовидно со посилни и малку нагласени рамена. Главата на прстените најчесто е елипсовидна и има вметната гема. Вкупниот број на примероци од оваа поткатегорија откриени на Стоби е четири (кат.бр. 69-72). Еден од примероците е сребрен (НК-09-1), додека останатите три се бронзени (РН-92-331, РН-92-334, РН-95-363). Прстените на главата имаат вметната гема, за разлика од претходната поткатегорија, на овие примероци нема врежано претстави на гемите. Прстените од овој тип се типични и карактеристични за римскиот период (II-III век).

### V.2. Прстени со глава и тело во целина

Телото (алката) на прстенот и рамената имаат една целина која се држи и следи една линија, која е нарушена од главата која е рамна и најчесто ненагласена. Guiraud ги сместува во нејзиниот тип 2/i.[90] Прстените најчесто се со кружна или малку елипсовидна форма. При истражувањата на античкиот град Стоби, откриени се пет примероци од овој тип на прстени, поделени во две поткатегории.

**V.2.1.** Прстените од оваа поткатегорија пронајдени на Стоби се три (кат.бр.73-75) и истите се речиси кружни со рамни глави и најчесто недекорирани. Исклучок од ова правило е примерокот СТ-95-33, стаклен прстен со кружно тело и рамна глава, која пак е дополнително декорирана со кружен додаток и топче на врвот на главата. Останатите два прстени РН-92-226 (мермер) и НК-09-83 (стакло) ја следат формата во потполност.

**V.2.2.** Формата на прстените најчесто е како веќе опишаната со тоа што главата е малку поширока од телото на прстенот и ја нарушува линијата која ја следат телото и рамената на прстенот. Еден примерок (кат.бр.76) од овој тип на прстени е откриен во

[88] Ruseva-Slokoska, Lj., 1991, Type I, Variant 4, Cat.No.238
[89] Gesztelyi, T., 2000, Cat.No.232
[90] Guiraud, H., 1989, 185

Стоби. Овој прстен е изработен од бронза и истиот е деформиран (PH-95-318). Тој е пронајден во погребување, заедно со четири булбус унгвентариуми, коишто се датираат не порано од крајот на I век и подоцна низ целиот римски период.

Прстените од ваков тип релативно доцна се појавуваат, особено кога се работи за стаклените примероци со ваква форма. Во научната литература прстените со оваа форма се сместуваат во периодот од крајот на II век до IV век, но не и порано. Аналогиите со овој тип на прстени ги пронаоѓаме во соседна Србија,[91] Хрватска[92] и Унгарија[93].

### V.3. Целосно лиени прстени, со нагласени рамена

Телото, рамената и главата на прстенот се целосно лиени. Од внатрешна страна телото (алката) на прстенот е кружна или малку елипсовидна, додека од надворешна страна рамената се прошируваат, нагласени се и подебели од останатиот дел од телото. Главата на прстенот не се одвојува од телото и истата е малку нагласена и најчесто е со елипсовидна форма. Главата е речиси секогаш декорирана и тоа може да биде изведено со вметнување на гема, врежување на натпис или пак некаков наједноставен дополнителен додаток на самата глава. 15 примероци од овој тип на прстени се открие со истражувањата на Стоби, поделени во три поткатегории.

**V.3.1.** Поткатегорија на прстени чија форма гледана од страна наликува на триаголник. Телото на прстенот во долниот дел е потенко, за потоа движејќи се кон рамената постепено да се задебелува и да биде најнагласено во делот на рамената. Главата е елипсовидна и малку нагласена, со вметната гема или пак додаток на неа. Пет примероци од оваа поткатегорија се извлечени при обработката на материјалот. Меѓу нив еден златен прстен, два сребрени прстени и два бронзени прстени (кат.бр. 77-81). Сите обработени примероци се дополнително декорирани со вметната гема. Златниот прстен (MF-70-2) е пронајден во погребување со истражувањата во 1970 година. Неговата гема е изработена од камен во повеќе бои, на која има изгравирано претстава на паун.[94]

---

[91] Поповић, И., 1992, 54, кат.122, датација 2-3 век
[92] Koščević, R., 1993, 82, T.I, 12, T.III,13; Kordić, N., 2016, 15, Kat.br. 130,131
[93] Facsàdy, A., 2009, 92-93, Type II/a; II/b, cat. 10-17
[94] Vinčić, Ž., 1970, 141-142, grob 2

**V.3.2.** Внатрешниот дел од алката на прстенот е малку елипсовиден со рамен дел под главата на прстенот. Надворешниот дел на алката ја следи линијата се до рамената, коишто се на специфичен начин нагласени. Рамената на прстенот со едно или повеќе засекувања се нагласени и тоа е всушнот и нивната декорација, додека пак главата на прстенот е рамна, елипсовидна или правоаголна, дополнително декорирана со гема, натпис или некаков додаток. Во обработениот материјал од Стоби е издвоен еден ваков примерок (кат.бр. 82 - PH-95-272), којшто сам по себе е многу специфичен. Се работи за прстен што ја следи веќе опишаната форма, телото на прстенот на средината има канелура која се следи се до рамената, кои пак претставуваат засечени пирамидални назабувања и од нив продолжува главата. Главата на прстенот е правоаголна, малку нагласена и на неа дополнително е врежан натпис.

**V.3.3.** Оваа поткатегорија на прстени има кружна или елипсовидна внатрешна алка, додека пак од надворешната страна единствен заоблен дел од формата е најдолниот дел до рамената на прстенот. Рамената се проширени, задебелени, нагласени и се издвојуваат од целиот прстен. Движејќи се од рамената кон главата, овие прстени имаат речиси права линија која оди се до главата, која е нагласена и истата може да биде елипсовидна, проширена или пак правоаголна. Дополнително главата може да биде декорирана со гема или пак некој друг додаток. Девет примероци од овој тип на прстени се откриени во Стоби, од кои три се сребрени прстени, а шест се бронзени прстени (кат.бр.83-91). Дел од овие прстени се декорирани со гема, а дел имаат само додаток на главата од истиот метал од кој е изработен прстенот.

Овој тип на прстени ги најувава промените коишто се случуваат во формата на прстените. Се забележува дека прстените од внатрешниот дел ја задржуваат кружната форма, но затоа од надворешната страна алката на прстенот е со многу понагласени рамена, а кај некои од опишаните форми рамената се издвојуваат од самата линија која ја држи прстенот и стануваат првото нешто кое се забележува. Најдобар пример за датација на овие прстени пронаоѓаме во златниот прстен од (MF-70-2), кој е пронајден во погребување заедно со една репрезентативна белегзија од гагат, датирана во периодот на доцен II и III век.[95] Од друга страна пак, за да се докаже дека овој тип на прстени, заедно

[95] Белегзијата е опишана во поглавјето VI.3.2.

со своите поткатегории, егзистира истовремено, најдобар пример е богатото погребување во гроб 1801. Многу елементи во ова погребување упатуваат на периодот на  III век, како што е откриеното стаклено шише со топчесто тело ( СТ-95-107) датирано во III век,[96] два прстени (РН-95-270-сребрен прстен (V.3.1.) и РН-95-272-бронзен прстен (V.3.2.)), кои припаѓаат на две различни поткатегории од овој тип. Кога кон ова ќе го додадеме и прстенот изработен од гагат (РН-95-273),[97] кој како материјал се појавува од втората половина на II век. Дополнителна датација на овие прстени е изведена и врз основа на аналогии во соседството. Појавата на овој тип на прстени Facsàdy ги сместува во доцен II век и почетокот на III век.[98] Датацијата во оваа рамка ја поддржува и Ruseva-Slokoska со наодите пронајдени на територијата на Република Бугарија,[99] како и Guiraud, која овој тип на прстени го сместува во доцниот II век и неговиот тренд на користење го сведува на 50-70 години, односно не подоцна од 250-260 година.[100]

### V.4. Прстени со кружно тело и различни глави

Тип на прстени со кружна форма коишто можат да бидат лиени, направени од жица или пак тенка проширена лента. Главата кај овој тип на прстени е различна и истата може да биде со различна декорација, која може да биде изведена во иста техника како и останатиот дел од прстенот, но понекогаш се користат и различни техники при изработката на овој тип на прстени. Ваквиот тип на прстени започнува да се развива во хеленистичкиот период и со одредени промени и варијации продолжува во римскиот период, а егзистира и за време на Византија.[101] Заради варијациите во декорацијата, од овој тип на прстени може да се изведат повеќе поткатегории. Од обработениот материјал од Стоби издвоени се 10 примероци од овој тип на прстени, поделени во пет поткатегории.

**V.4.1.** Лиени прстени со полукружна или кружна алка и глава која на себе содржи касета во која е вметната гема. Прстените се масивни, репрезентативни и истите може да бидат изработени во повеќе техники. Според Guiraud овие прстени припаѓаат на тип

[96] Цермановић-Кузмановић, Велимировић-Жижић, О., Срејовић, Д., 1975, 156
[97] Прстенот е опишан во поглавје V.9.2.
[98] Facsàdy, A., 2009, 37; 93-94, Type III/a,b,c cat. 18-25
[99] Ruseva-Slokoska, Lj., 1991, cat. 203,204,205, 210,211,212
[100] Guiraud, H., 1981, 228
[101] Davidson R., G., 1952, 228

IV/c,[102] Оваа поткатегорија на прстени во Стоби е застапена со еден примерок (кат.бр. 92). Се работи за сребрен прстен (PH-95-206) пронајден во погребување, со полукружно тело кое најверојатно не било затворено во целост, односно краевите најверојатно се допирале. Во долниот дел прстенот е оштетен, а кон рамената постепено се задебелува, за да заврши со касетата на главата во која е вметната гема со изгравирана претстава на борба на Херакле со лав. Прстенот е пронајден заедно со два керамички булбус унгвентариуми, како и со три стаклени шишиња со конични тела, во гробот 1412.[103] Овој тип на шишиња пронајдени на Стоби се датира во рамка од II – III век н.е.[104]

**V.4.2.** Оваа поткатегорија на прстени се карактеризира со тело кое има кружна форма и кружен пресек, кон главата постепено се задебелува. Главата на прстенот може да биде кружна или елипсовидна, понекогаш рамна и декорирана. Многу често, кај овој тип на прстени, декорацијата е ставана одделно. Сребрениот прстен со инв.бр. PH-95-129 (кат.бр.96) најверојатно припаѓа на оваа категорија. Телото на прстенот е кружно, постепено се задебелува и главата завршува проширено и елипсовидно. На неа е ставена гема, која е многу оштетена и не е возможно да се види претставата. Пронајден е во погребување во урна, чија форма на урна е датирана во периодот на I-II век,[105] сепак неговата форма не е карактеристична за I век, со што со сигурност неговата датација не е порана од II век.

**V.4.3.** Прстени коишто може да бидат изработени на повеќе начини, со кружно и малку елипсовидно тело кое ја следи формата. Рамената на прстенот може да бидат декорирани, но тоа не е правило и на крајот прстенот завршува со нагласена глава која има длабока касета, во која е вметната гема. Овој тип на прстени во Стоби е застапен со три примероци (кат.бр. 93-95) и сите три се изработени од бронза. Кај два примероци, гемата во касетата е зачувана, од кои едниот прстен на гемата е без дополнителна претстава на неа (PH-92-268) , додека вториот прстен на зачуваната гема има врежана претстава на срна (PH-92-310). На третиот примерок (PH-14-33) му недостасува гемата,

[102] Guiraud, H., 1989, 188-189
[103] Покрај овие наоди во гробот се пронајдени мониста од ѓердан, како и уште едно стаклено шише (CT-95-62)
[104] Николовски, Д., 2021, 95-96
[105] Municipum Stobensium, 1994, 40 (истата форма на урни е пронајдена во претходните истражувања спроведени на некрополата во Стоби)

односно видлива е само длабоката касета на главата од прстенот. Ваквите примероци R.Davidson, ги вметнува во неговиот Тип А, ги смета за римски и не ги префрла во подоцнежните периоди.[106]

**V.4.4.** Овој тип на прстени е со кружна форма и кои на главата имаат додаток од истиот метал. Главата на прстенот може да биде проширена и плочеста, но исто така главата на прстенот може да биде и самиот додаток на прстенот. Два примероци (кат.бр. 97-98) од овој тип на прстени се откриени во Стоби и двата примероци се различни и ги поддржуваат веќе опишаните форми на прстенот. Првиот примерок е сребрен прстен (PH-92-413) којшто е со кружна форма, изработен од сребрена лента која постепено се шири кон главата која е најширока и е дополнително декорирана со сребрено топче на средината. Вториот примерок е бронзен прстен (PH-98-8), кој пак претставува наједноставна алка со кружна форма чија глава ја претставува наједноставно топче како додаток.

**V.4.5.** Прстени коишто може да бидат изработени од тенка жица или тенка лента на кои главата им е малку проширена и се нагласува од прстенот. Самото нагласување на главата на прстенот дава контраст помеѓу телото и главата. Три примероци (кат. бр. 99-101) од овој тип на прстени се откриени во Стоби, од кои еден примерок е кородиран до степен да не може да се дефинира реалниот изглед на главата. Останатите два примероци се подобро зачувани. Едниот примерок (PH-92-479) од овие два, претставува бронзен прстен со кружна форма и цилиндрична глава поставена на телото од прстенот. Вториот примерок (PH-01-30) е исто така бронзен прстен, чие тело кое во долниот дел е тенко и потоа се проширува и на главата која е правоаголна, има поставено дополнителна бронзена плочка.

Овој тип на прстени со неговите варијации во однос на изработката и декорацијата, се појавува кон крајот на II век, а неговата најголема употреба е низ целиот III век кога оваа форма е популарна. Врз основа на други наоди, како и контекстот во кои се откриени, овие прстени се датираат во III и IV век.[107] Кон оваа датација се датирани и прстените од

[106] R.Davidson, G., 1952, 228, 468 (Pl.102, Nos. 1814)
[107] Municipium Stobensium, 1994, кат.бр. 227,284

овој тип пронајдени во Аквинкум, Унгарија,[108] од Штрбинци во Хрватска,[109] Словенија,[110] Бугарија[111] и Србија[112].

## V.5. Прстени со нагласена глава и рамена

Телото на прстенот е слично со претходно опишаниот тип на прстени, со тоа што кај овој тип на прстени , освен главата која има декоративна улога, свој декоративен момент имаат и рамената на прстените. Овој тип на прстени во Стоби е претставен преку еден единствен примерок. Се работи за бронзен прстен (PH-14-5) со елипсовидна форма. Кон рамената се проширува и има две полукружни, нагласени назабувања кои ја претставуваат декорацијата на рамената, додека пак глава на прстенот претставува касета со кружна форма во која е вметната гема со зелена боја, без претстава на истата.

Овој тип на прстени, Guiraud ги сместува во нејзиниот тип 3/d, и истите ги датира во III век,[113] додека пак Henig ги датира кон крајот на II век.[114] Оваа датација ја потврдува и Facsàdy, која прстените откриени во Аквинкум ги датира во III век.[115]

## V.6. Прстени со глава која е зголемена со телото

Овој тип на прстени се изработени од тенка лента, со елипсовидна форма. Нивна каратеристика е тоа дека во долниот дел се изработени од тесна лента, која како што се движи кон главата постепено се проширува, за да заврши најшироко во пределот на главата, која е плочеста. Често овие прстени може да имаат една или повеќе вжлебувања во вид на канелури по целото тело или пак само на главата, или да бидат декорирани со некаков врежан натпис или претстава на самиот метал. Два примерока од овој тип на прстени се издвоени при обработка на материјалот, поделени во две поткатегории.

**V.6.1.** Прстени коишто се изработени тенка лента, која од најтесниот долен дел постепено се проширува за да заврши со главата која е овална и плочеста, со или без

[108] Facsàdy, A., 2009, cat.26-46
[109] Kordić, N., 2016, kat.45
[110] Mihovilić, K., 1979, 228, T.2, 12
[111] Ruseva-Slokoska, 1991, cat.219
[112] Поповић, И., 1992, 53, кат.119
[113] Guiraud, H., 1989, Fig.5/2-3
[114] Henig, M., 1978, cat.205
[115] Facsàdy, A., 2009, cat. 47-50

декорација. Еден ваков примерок (кат.бр. 103 - PH-95-23) е познат од Стоби и истиот комплетно ја следи формата, со тоа што главата е плочеста и без декорација на неа.

**V.6.2.** Поткатегорија на прстени кои ја следат веќе опишаната форма, со тоа што главата на прстените е декорирана. Еден примерок од ваков тип на прстени е пронајден во Стоби. Се работи за бронзен прстен (кат.бр. 104 - PH-92-290) којшто ја следи веќе опишаната форма и глава која е декорирана со едно вжлебување по средината.

Овој тип на прстени не е многу популарен и не е застапен со многу примероци, дури и во соседството. Сличен прстен на PH-92-290 е пронајден во Унгарија, со тоа што на тој примерок дополнително има и врежан натпис. Се работи за прстен којшто е датиран во III век.[116] Овие прстени со сигурност не биле сериски произведувани, за што сведочи и малиот број на примероци.

## V.7. Прстени со кружно тело и краеви што се преклопуваат и спирално се намотани

Овој тип на прстени наликува на веќе опишаните обетки од затворен тип, односно прстените се изработени од тенка жица со кружен пресек на која краевите е се разминуваат и спирално се намотуваат околу телото. Еден примерок од овој тип на прстени е пронајден во Стоби. Сребрен прстен со инв.бр. PH-95-384 (кат.бр. 105), е изработен од тенка сребрена жица со кружен пресек и истиот ја следи веќе опишаната форма, со тоа што во просторот кадешто краевите се разминуваат е вметнато коскено монисто и потоа краевите спирално се намотани околу телото на прстенот. Овој тип на прстени потсетува на обетките и белегзиите со спирално намотани краеви. Се датираат во поширока рамка од I-IV век во Хрватска,[117] додека пак примероците откриени во Унгарија се датираат во III-IV век.[118]

## V.8. Прстени со отворени краеви

Телото на прстенот е изработено од тенка жица со кружен пресек или пак од тенка лента (лим). Краевите на прстено не се допираат, односно не формираат целосно затворен круг (алка). Тие може да бидат рамни, заострени, со стилизирани претстави на некое

[116] Facsàdy, A., 2009, cat.54
[117] Tomaš-Barišić, T., 2014, kat.39
[118] Facsàdy, A., 2009, cat.56-57

животно или пак да се преклопуваат. Ваквиот тип на прстени наликува на обетките чии краеви не се допираат. Откриени се  осум примероци од овој тип на прстени, поделени во две поткатегории.

**V.8.1.** Поткатегорија на прстени чии краеви не се допираат. Краевите на обетката може да бидат заострени или пак со изведена стилизирана претстава на животно. Во обработениот материјал од Стоби, оваа поткатегорија е застапена со четири примероци. Едниот примерок (кат.бр. 106 - MF-73-26) е сребрен прстен чии краеви се заострени и не се допираат. Телото на прстенот е со кружен пресек и истото е декорирано со врежани напречни линии. Вториот примерок (кат.бр. 107 - PH-92-428) исто така е сребрен прстен на кој краевите не се допираат и иститe се со стилизирани претстави на змијски глави. Примерокот откриен во 1971 година (кат.бр. 108 - MF-71-217) е фрагментиран бронзен прстен, но најверојатно припаѓа на оваа категорија чии краеви не се допираат. Прстенот со инв. бр. PH-95-155 (кат.бр. 109) е со квадратен пресек и краеви коишто се заостени и не се допираат, додека пак главата на прстенот е зарамнета.

**V.8.2.** Овие прстени се изработени од тенка лента или пак жица со кружен пресек и нивните краеви се преклопуваат, односно се разминуваат. Четири примероци од овој тип се селектирани при обработката на материјалот (кат.бр. 110-113 - PH-92-73; PH-92-358; PH-95-168; PH-95-215) и сите се изработени од бронза.

Ваквиот тип на прстени е најкарактеристичен за периодот III-IV век. Сепак, исклучок од ова правило може да бидат прстените чиишто краеви имаат претстави на стилизирани змијски глави. Змијата како животно се поврзува со култот на египетските богови, Изида и Серапис. Со оглед на фактот дека овој култ на Изида и Серапис е потврден и во Стоби, со постоење на храм посветен токму на овие две божества,[119] појавата на ваков тип на прстени воопшто не треба да не зачудува. Култот на овие божества бил почитуван речиси три века на Стоби, со што овие прстени ќе ги датираме во периодот од втората половина на  II век до и во IV век. Аналогните примероци во

[119] Blaževska, S., Radnjanski, J., 2015, 216-217

Хрватска[120] се датираат во периодот во уште поширока рамка од прстените на Стоби, додека пак оние од Аквинкум се датираат во III-IV век.[121]

**V.9. Затворени прстени (прстен-алка)**

Наједноставен тип на прстени, најчесто изработени од тенка метална жица со кружен пресек или пак од некој друг материјал (коска, стакло, гагат) и е еден од најчесто откриваните типови. Прстените коишто немаат декорација најчесто се изработени од метал, односно претставуваат една наједноставна алка, додека пак прстените изработени од друг материјал може да имаат некоја дополнителна декорација по телото на прстенот. 26 прстени од затворен тип се откриени во Стоби поделени во две поткатегории.

**V.9.1.** Затворен тип на прстени, без дополнителна декорација по телото, односно алката на прстенот. 21 примерок (кат.бр. 114-134) од оваа поткатегорија се издвоени во Стоби од кои, 19 примерок се изработени од метал (бронза) додека два примерока се изработени од коска.

**V.9.2.** Овие прстени ја имаат истата форма како претходната поткатегорија, со тоа што овие прстени по телото имаат дополнителна декорација. Се работи за пет примероци откриени во Стоби (кат.бр.135-139). Првиот примерок (РН-95-273) е изработен од гагат, исполиран и по телото има врежани коси линии. Вториот примерок (РН-12-317) е прстен изработен од коска. Прстенот е исполиран до висока сјајност од двете страни. Декорацијата на прстенот се состои од врежување на три концентрични линии долж телото (алката) на прстенот, за потоа во просторот помеѓу овие линии, на пет места по телото на прстенот да бидат дополнително врежани коси линии во група од по четири линии. Третиот примерок пак е изработен од сребро (РН-95-271) којшто претставува прстен со двојна алка и по чие тело има декорација од коси назабувања. Бронзениот прстен со инв.бр. MF-74-35 припаѓа на оваа категорија. Тој е изработен од тенка бронзена лента (лим) со две канелури долж алката на прстенот. Уште еден од прстените со стилизирана претстава на змијска глава (РН-95-224) е присутна во оваа поткатегорија на

[120] Kordić, N., 2016, kat.50
[121] Facsàdy, A., 2009, cat.58-63; cat.69-73 (Type VIII/a; VIII/c)

затворени прстени. Едниот крај има стилизирана претстава на змијска глава, со што одново овој прстен ќе го поврземе со култот на Изида и Серапис во II-III век.

За ваквиот тип на прстени е тешко да се одреди конкретна временска рамка во која се појавуваат и егзистираат. Нивната граница ќе ја поставиме во периодот од II-IV век, иако точна и прецизна датација на овој тип на прстени е невозможно да се направи. Нивното потекло не е познато од каде доаѓа, но со оглед на едноставноста на формата, тие се едни од најчестите наоди во погребувања и многу често без никакви други дарови покрај нив, кои би помогнале во датацијата. Прстените кои по својата алка како декорација имаат назабувања, се карактеристични за III-IV век.[122] Оваа датација се потврдува и со прстените пронајдени на Стоби, особено со двата прстени (PH-95-271 и PH-95-273) пронајдени во едно погребување, гроб 1801, кое врз основа на останатите наоди се датира во периодот на III век.[123] Кон ова дополнително се додава и фактот дека едн од прстените е изработен од гагат, кој како материјал се појавува после втората половина на II век, а целосна експанзија доживува во III век.

### V.10. Неидентифукуван тип на прстени

Во оваа категорија се сместени три прстени (кат.бр.140-142) пронајдени на Стоби. Се работи за прстени чијашто алка е во вид на спирала, со краеви коишто претставуваат стилизирани претстави на змии. Едниот примерок (PH-92-76) е изработен од тенок лим свиен три пати во спирала, на кој на едниот крај е претставена змијска глава. Вториот примерок (MF-73-28) претставува затворен тип на прстен, на коишто едниот крај му е сплоснат и залепен за другиот крај и за истиот не е пронајдена соодветна аналогија. Третиот примерок (PH-95-83) претставува целосно лиен, бронзен прстен, чија глава е плочеста и зарамнета, но не се вклопува во ниту еден погоре наведен тип или поткатегорија, со што го вбројуваме во оваа категорија на неидентификувани прстени. Четвртиот примерок пак, не беше достапен за увид и обработка, но истиот е пронајден при истражувањата спроведени во Градбата со арки, заедно со уште еден прстен (Фото.1) и обетки со прстенеста алка и краеви коишто се разминуваат.[124] Врз основа на

[122] Kordić, N., 2016, 26; Giunio, A.K., 2010, 197, 201, kat. 21-22; Facsàdy, A., 2009, cat.104

[123] Дел од ова погребување е објаснето во погорното поглавје V.3.

[124] Сите овие предмети не беа достапни за увид и обработка

публикацијата, овие предмети се датирани во II-III век,[125] а со оглед на тоа дека веќе споменавме за змијата и култот на Изида чијшто култ се почитувал на Стоби од почетокот на II век, оваа датација е сосем прифатлива. Пронајдените аналогни примероци во Хрватска се датирани во широка рамка од I-IV век,[126] како и во Словенија.[127]



Фото.1

[125] Шурбановска, М., Јакимовски, А., 2010, 90
[126] Tomaš-Barišić, T., 2014, kat.40
[127] Bolta, L., 1978, sl.5

# *VI. Белегзии*

Белегзиите (armilae) претставуваат накит кој се носи и ги украсува рацете на луѓето. Тоа е накит кој најчесто го носат девојките и жените, но некои форми од нив ги носат и машки индивидуи. Тие се носат околу зглобовите на рацете, надлактицата или пак поретко на глуждовите од нозете. Може да бидат во пар на двете раце или пак само една. Се изработуваат од најразлични материјали како: метали (злато, сребро, бронза), стакло, коска, рог, гагат и слично, изведувани на најразличен начин и во повеќе видови на форми во зависност од материјалот кој е употребен.

Како археолошки наоди, белегзиите често се откриваат при археолошките истражувања спроведени на некрополите.

Типологијата на белегзиите се разликува во зависност од материјалот кој е користен за нивната изработка. Во суштина, при обработка на белегзиите треба да се користи една типологија за оние коишто се изработени од метал, додека пак сосема друга за оние белегзии коишто се изработени од стакло и други материјали. Во овој случај, при обработката на материјалот од Стоби, типологијата ја определуваме според материјалот од кој се изработени белегзиите, па така ќе ги поделиме во три категории и тоа:

1. Белегзии изработени од бронза
2. Белегзии изработени од стакло
3. Белегзии изработени од гагат и коска

## VI.1. Бронзени белегзии

Бронзата како материјал е многу често употребувана при изработката на белегзиите. Биле изработувани едноставни лиени белегзии, но секако дека биле изработувани и полуксузни примероци. Обработениот материјал од Стоби содржи 16 белегзии изработени од бронза. Во продолжение нивна обработка во поткатегории.

**VI.1.1.** Целосно лиени белегзии изработени од злато, сребро, бронза или железо. Во обработените примероци од Стоби ваквиот тип на белегзии е застапен со два примероци

(кат.бр.143-144) и двата изработени од бронза. Првиот примерок (MF-74-39) е масивно лиена белегзија пронајдена во истражувањата покрај источниот бедем. Вториот примерок (PH-95-236) е пронајден во погребување во западната некропола на Стоби. Се работи за мала, целосно лиена белегзија, пронајдена во погребување заедно со уште четири златни обетки (PH-95-230/31/32) кои се датираат во II-III век. Двата примероци немаат дополнителна декорација по телото.

**VI.1.2.** Бронзени белегзии со краеви коишто се разминуваат и се спирално намотани околу телото на белегзијата. Ваквиот тип на белегзии е идентичен со обетките чиишто краеви се разминуваат и се спирално намотани околу алката на обетката. Од обработениот материјал, издвоени се четири примероци од овој тип на белегзии (кат.бр.145-147). Две од нив (PH-95-165) најверојатно се детски белегзии поради малите димензии кои ги имаат. Останатите две белегзии (MF-71-87; PH-95-381) се оштетени и фрагментирани. Сепак, од нив се зачувани деловите каде краевите се разминуваат и се намотани, со што се овозможи нивна типолошка определба. Временски се определуваат од крајот на II век и низ целиот III век. При датацијата на овие белегзии од голема помош се другите наоди пронајдени во гробовите, особено оние од гробот 1526 во кој се пронајдени двете детски белегзии (PH-95-165).[128] Аналогни примероци откриени во Романија се датираат како римски,[129] во Бугарија се датираат во II-III век,[130] а кон истата датација се придржува и Facsàdy за аналогните примероци откриени во Аквинкум – Унгарија.[131]

**VI.1.3.** Тип на белегзии со механизам за закопчување, петелка и кука. Ваквиот тип на белегзии се препознава по краевите од коишто едниот крај е во форма на петелка, а другиот е кука која се прикачува на петелката. Може да варираат од наједноставни белегзии до белегзии изработени со преплетување на повеќе жици. Ваквиот тип на белегзии е застапен со еден примерок (кат.бр.148 - PH-92-286). Се работи за бронзена белегзија изработена од преплетени жици, со петелка и кука за прикачување на краевите, коишто се малку оштетени. Се датираат во периодот на III  и IV век. Аналогните

[128] Николова Е., 2008, 250, 265
[129] Bajusz, M., Peţan, A., 2014, 41-52 (со обемна библиографија)
[130] Ruseva-Slokoska, 1991, cat.148-152, cat.166-167
[131] Facsàdy, A., 2009, Type IV, cat.139-141

примероци од Аквинкум – Унгарија ја следат оваа датација,[132] како и оние откриени во Виминациум,[133] додека пак оние примероци кои се чуваат во Националниот Археолошки Музеј во Бугарија се датираат од крајот на II-IV век.[134]

**VI.1.4.** Белегзии со отворени краеви. Овој тип на белегзии не формира правилен затворен круг, односно краевите или се разминуваат или пак истите не се допираат и се одвоени. Ваквиот тип на белегзии ќе го поделиме во дополнителни три поткатегории, а нивниот приказ следува во продолжение.

**VI.1.4.1.** Тип на белегзии чиишто краеви се разминуваат. Од обработениот материјал издвоени се две белегзии од овој тип(кат.бр.149-150). Првиот примерок (MF-73-5) претставува масивно лиена бронзена белегзија пронајдена во погребување. Врз основа на другите наоди во погребувањето таа е датирана во IV век,[135] а со оглед на тоа дека друга аналогија соодветна на овој примерок не е пронајдена, ќе се држиме до веќе поставената датација. Вториот примерок (PH-92-211) на овој тип на белегзии е изработен од бронзена лента, со проширени краеви коишто се разминуваат.

**VI.1.4.2.** Бронзени белегзии со краеви коишто не се допираат. Краевите на овој тип на белегзии се рамно отсечени. Еден примерок (кат.бр.151 - PH-92-10) од овој тип на белегзии е издвоен од Стоби. Белегезијата е деформирана, но нејзината типолошка определба е јасна. Краевите се отсечени и истите имаат траги од врежани орнаменти. Аналогии од овој тип пронаоѓаме во Унгарија,[136] датирани во IV век. Оваа датација важи и за примероците од Хрватска,[137] а кон истата датација се придржува и Ruseva-Slokoska за примероците од Бугарија.[138]

**VI.1.4.3.** Бронзени белегзии со краеви во вид на змијски глави. Овој тип на белегзии е застапен на Стоби со четири примероци (кат.бр.152-155). Се работи за белегзии чиишто краеви се со претстави на стилизирани змијски глави. Два од примероците (MF-

---

[132] Ibid, Type V, cat.144-159
[133] Спасић-Ђурић, Д., 2011, 24
[134] Ruseva-Slokoska, 1991, cat.169-170 (датацијата на примерокот со кат.бр.170 е извршена со помош на останатите наоди пронајдени во погребувањето)
[135] Mano-Zissi, Dj., Wiseman, J., 1974, 134
[136] Facsàdy, A., 2009, cat.166-169
[137] Tomaš-Barašić, T., 2014, kat.66
[138] Ruseva-Slokoska, Lj., 1991, Type V, cat.158-159, 171

73-31; MF-73-32) имаат претстава на стилизирана змијска глава само на едниот крај, додека другиот крај е рамно отсечен. Третиот примерок (PH-92-206) има претстави на стилизирани змијски глави на двата краја. Се датираат во периодот на II-III век. Аналогии на овие примероци имаме во Бугарија, каде се датираат во истиот период на II-III век,[139] додека пак одредени примероци во Хрватска се датирани и во IV век.[140] Одново, ќе потенцираме дека појавата на овој тип на белегзии е очекуван со оглед на фактот дека култот на Изида и Серапис е почитуван токму во овој период на Стоби. Кон овој тип на белегзии најверојатно припаѓа и фрагмент од белегзија (MF-78-250) која е масовно лиена и едниот крај се стеснува, а другиот не е зачуван.

**VI.1.5.** Неидентификувани типови на бронзени белегзии. Два фрагменти од белегзии чијшто тип не е одреден (кат.бр. 156-157). Една од фрагментираните белегзии (PH-92-420) е подобро зачувана, но нејзина типолошка определба не е возможна. На нејзиното тело има остаток од спирално намотана жица, но не може со сигурност да се потврди дали припаѓа на типот со краеви коишто се разминуваат и се спирално намотани околу телото на белегзијата или пак не. Вториот примерок (PH-92-220) е многу мал фрагмент од бронзена која е специфична по својата декорација со плетенка. Фрагментот од белегзијата е откриен во погребување со најразлични наоди и врз чија основа истото погребување е хронолошки датирано во I век.[141] Речиси идентичен примерок е откриен во Хрватска и истиот е датиран во поширока рамка од I-IV век.[142]

### VI.2. Белегзии изработени од стакло

Стаклото како материјал е прилично многу употребуван во изработката на белегзии. При обработката на материјалот од Стоби беа селектирани примероци кои беа најдобро зачувани или пак, фрагменти од белегзии кои се издвојуваат со декорацијата. Обработени беа 18 белегзии изработени од стакло, од кои осум се целосно зачувани, десет се фрагментирани. Белегзиите се поделени во групи според нивниот пресек и

[139] Ibid, 1991, Type VIII, cat.160-162, 174-175
[140] Tomaš-Barišić, T., 2014, kat.67-69
[141] Шурбановска, М., Здравковски, Д., 1996, 100-101
[142] Tomaš-Barišić, T., 2014, kat.90 (авторот смета дека е некаков вид на синџирче, но јасно е дека секако има декоративна улога).

дополнителни поткатегории врз основа на декорацијата. Типологијата врз основа на која ќе бидат определени типовите на стаклени белегзии во тезата е на Maud Spaer.[143]

### VI.2.1. Белегзии со кружен пресек

Стаклени белегзии со кружен пресек без дополнителна декорација по телото на белегзијата. 11 белегзии (кат.бр. 158-168) со кружен пресек се издвоени од обработениот материјал, од кои седум се целосно зачувани,[144] додека четири се фрагменти од белегзии. Девет од белегзиите се изработени со стакло од црна боја, додека останатите две се изработени од стакло со темновиолетова боја. Белегзијата од ваков тип со инв.бр. РН-92-64 е датирана во III век.[145] Кон оваа датација во III век се придружува и Spaer, додека пак во соседна Србија примероци од овој тип се датираат во III-IV век, со што некој белегзиите се пронајдени и во доцноантичките слоеви.[146]

### VI.2.2. Белегзии со полукружен пресек

Белегзии изработени од стакло со полукружен пресек во форма на латиничната буква D. Се работи за пет белегзии изработени на ваков начин. Четири од нив се фрагменти од белегзии, а само една е целосно зачувана. Поделени се во две поткатегории врз основа на декорацијата која ја имаат по телото.

**VI.2.2.1.** Белегзии со полукружен пресек без декорација. Две белегзии се издвоени при обработката на материјалот (кат.бр.169-170). Едната е целосно зачувана белегзија (СТ-95-43) изработена од стакло со црна боја, додека вториот примерок е фрагмент од белегзија (СТ-92-24) изработена од стакло со кафеава боја. Се датираат во III-IV век, иако продолжуваат да се користат и во V век. Аналогните примероци од Унгарија ја поддржуваат оваа датација,[147] додека пак оние пронајдени во близина на Орешац,

---

[143] Spaer, M., 1988, 51-61

[144] Белегзиите со инв.бр. СТ-92-64;СТ-95-37;СТ-95-41/42;СТ-95-63;СТ-95-161 се целосно зачувани, додека белегзијата со инв.бр.СТ-92-65 има четири фрагменти кои формираат целосна белегзија.

[145] Municipium Stobensium, 1994, кат. 287

[146] Šaranović-Svetek, V., 2009, 22-23, Tip 4, kat. 159-164

[147] Facsády, A., 2009, cat. 117-118

Хрватска, се датираат во малку поширок временски период од III-V век.[148] Примероците откриени од затворени целини во Србија, покажуваат дека овие белегзии се користеле во III-IV век.[149]

**VI.2.2.2.** Белегзии со полукружен пресек и декорација изведена со наребрувања (кат.бр.171-173). Три фрагменти од белегзии (CT-92-26; CT-92-71; CT-95-2) ја претставуваат оваа поткатегорија со полукружен пресек. Изработени се од стакло со темновиолетова боја. Од внатрешната страна тие се зарамнети, додека декорацијата е изведена од наворешната страна на телото на белегзијата. Наребрената декорација може да биде многу густо изведена или пак поретко како што е случајот со белегзиите од Стоби. Поради недостатокот на податоци околу начинот на откривање, овие белегзии ги датираме со помош на аналогии од соседството. Во соседна Србија, овие белегзии имаат широк временски распон во кој се користат, па така на локалитетот Гомолава се откриени во слоеви од I-II век, во Сирмиум и неговата околина се користат во IV век,[150] додека пак белегзиите од Орешац, Хрватска се датираат во III-IV век,[151] а оваа датација ја поддржува и Spaer.[152]

### VI.2.3. Белегзии со квадратен пресек

Белегзии со квадратен пресек и декорација по надворешниот дел од телото на белегзијата. Белегзиите од овој тип имаат зарамнети и исполирани странични и внатрешни делови од телото, додека пак на надворешниот (горниот) дел од телото на белегзијата е декориран. На Стоби е евидентирана една белегзија од ваков тип. Се работи за два фрагменти од белегзија (кат.бр.174 - PH-92-52) изработена од стакло со црна боја видлива во пресекот, додека од страните има светлокафеава боја. Примерокот соодветствува на веќе опишаната форма, со тоа што на страничните делови има врежано концентрична линија која го следела обликот на белегзијата. На горниот дел има врежана декорација во вид на триаголници. Аналогии на овој тип на белегзија не се пронајдени, со што нејзината рамка ќе ја одредиме во поширока хронолошка рамка од I-IV век.

[148] Jelinčić-Vučković, K., 2009, 111-112
[149] Šaranović-Svetek, V., 2009, 27, Tip 1, Varijanta 1, kat. 68-71
[150] Šaranović-Svetek, V., 2009, 29-30, Tip II, Varijanta 1, Podvarijanta A
[151] Jelinčić-Vučković, K., 2009, 118-119, kat. 32
[152] Spaer, M., 1988, 56

### VI.2.4. Флексибилни белегзии

Белегзии коишто се изработени од стаклени перли. Овој тип на белегзии се препознава по перлите коишто од долната страна се зарамнети, додека пак од горната страна имаат полукружниназабувања по целата должина. Покрај оваа декоративна изведба, овие перли имаат и дополнителни две перфорации низ целата должина на перлите. Низ овие перфорации бил вметнуван конец или пак жица на која биле нанижани перлите, со што белегзијата потоа ја добива нејзината функционалност. Една белегзија (кат.бр. 175 - PH-95-85) изработена со вакви стаклени перли е обработена од материјалот во Стоби. Зачувани се седум стаклени перли изработени од црно стакло пронајдени во погребување со други наоди. Начинот на изработка е идентичен со горенаведениот. Врз основа на другите наоди пронајдени во гробот оваа белегзија ја датираме во I-II век. Белегзијата е пронајдена заедно со вретенест унгвентариум чијашто употреба завршува во средината на I век, но се среќава и во подоцнежни гробови, како и керамичка чаша од локално производство со иста датација и една луцерна.[153] Аналогни примероци на овој пронаоѓаме во Сисак и Загреб, Хрватска, датирани се датирани во IV век,[154] односно III-IV век,[155] што значи дека ваквиот тип на белегзии има поширока временска рамка во која се употребуваат.

### VI.3. Белегзии изработени од гагат и коска

Гагатот и коската како материјал во израбоката на накитот исто така се среќаваат често, иако гледано во однос на накитот изработен од метал и стакло, тие се помалку застапени. При употребата на коска во изработката на белегзии се користеле подолги коски или пак еленски рогови. Употребата на гагатот се поврзува со излечителни и магиски својства. За разлика од коскените предмети кои може да се пронајдат многу често и во контексти од градски средини, гагатот најчесто се наоѓа во гробни целини, како дел од гробниот инцентар, со што можеме да го поврземе и со верувања во задгробниот живот.

Со истражувањата на некрополата во Стоби, откриени се четири белегзии изработени од коска и гагат, кои ќе ги поделиме во две поткатегории.

---

[153] Во оваа прилика му благодарам на колегата м-р Јован Радњански за укажаната помош при датација на керамичките предмети од затворените контексти.
[154] Tomaš-Barišić, T., 2014, kat.78-79
[155] Koščević, R., 1993, 81

### VI.3.1. Затворен тип

Овие белегзии се карактеризираат по тоа што се изработени од едно парче материјал, односно целосно се затворени и масивни (кат.бр. 176-177). Една белегзија изработена од коска (PH-92-348) е евидентирана при обработката на материјалот. Белегзијата е датирана во III-IV век.[156] Втората белегзија (MF-70-3) е изработена од гагат. Белегзијата е изработена од едно парче гагат. Белегзијата се датира во III-IV век, а аналогии можеме да пронајдеме на Виминациум,[157] како и во Хрватска на локалитетот Медулин-Бурле датиран во периодот на II-IV век.[158]

### VI.3.2. Флексибилни белегзии

Белегзии коишто се изработени само од гагат или пак, гагат во комбинација со други материјали. Белегзиите се изработени само од перли или пак комбинација на перли и мониста. Две белегзии од ваков тип се констатирани на Стоби (кат.бр.178-179). Првата белегзија (PH-92-349) е изработена само од перли, со употреба на гагат како материјал, Перлите се зарамнети од долната страна, додека од горната страна имаат полукружни назабувања во вид на канелури. Две од перлите се поголеми, додека останатите три се со помала димензија. Од страните се изведени две перфорации по целата должина на перлата кои служеле за нижење на перлите на конец или жица. Врз основа на перлите и останатиот гробен инвентар белегзијата се датира во III-IV век.[159] Втората белегзија е можеби најрепрезентативната од овој тип на белегзии, пронајдена во погребување со извршените археолошки истражувања во 1970 година.[160] Се работи за белегзија изработена од гагат во комбинација со стаклени мониста, мониста од природен камен и килибар. Составена е од 28 меѓусебно поврзани мониста од кои 19 се стаклени мониста со различна големина и назабувања во вид на канелури, изработени од црно стакло со една перфорација во средината. Четири мониста се со кружна форма и перфорација во средината. Две од нив се изработени од црно стакло, а две се изработени од природен камен, едното најверојатно од горски кристал, транспарентно, а другото е со црна боја. Три елементи се изработени од гагат, од кои едното е биста на човек. Останатите две мониста се изработени од килибар. Едното монисто коешто е изработено од килибар исто така наликува на биста од човек, но тоа е оштетено и не може со сигурност да се потврди оваа можност. За датацијата на оваа белегзија ќе го искористиме нејзиниот најрепрезентативен дел, односно бистата на човек изработена од гагат. Сличен примерок е пронајден на локалитеот Пеќине, Србија, во гробот Г-3239, каде покрај останатите наоди,[161] пронајдена е и биста на човек изработена

[156] Municipium Stobensium, 1994, кат. 331
[157] Спасић-Ђурић, Д., 2011, 24-25
[158] Girardi-Jurkić, V., Džin, K., 2003, 146, kat.157
[159] Municipium Stobensium, 1994, кат. 330
[160] Vinčić, Ž., 1970, 141-142, grob 2, T.XLIV
[161] Во погребувањето пронајдени се и перли од ѓердан изработени од стаклена паста и еден приврзок – була. Повеќе за погребувањето види: Спасић-Ђурић, Д., 2011, 20-21

исто така од гагат. Оваа биста или атлета како што ја опишува авторот, има нагласени физички атрибути, од кои само рацете се помалку нагласени од останатиот дел од бистата. Ваквиот тип на биста авторот ја датира во периодот на првата половина на III век.[162] Со сличноста на овие две бисти, како и врз основа на другиот гробен инвентар пронајден во погребувањето, меѓу кои и златен прстен,[163] ја потврдуваат оваа временска рамка од доцен II век до средината на III век.

Познато е дека гагатот и килибарот се поврзани со човековите верувања во нивните магијски,заштитни и чудотворни својства. Верувањето е дека оној кој носи накит изработен од овие материјали е заштите од зли сили, па така и во овој случај изборот на материјал за изработка на овие бисти е од истата причина. Личноста која го носи накитот од ваков тип, верува дека нејзиниот лик и тело, како и нејината душа се заштитени токму од овие бисти, кој го претставуваат директно сопственикот кои ги носи, независно дали е тоа во форма на белегзија, ѓердан, приврзок или пак прстен, причината и резултатот се секогаш исти.

[162] Спасић-Ђурић, Д., 2011, 20
[163] Златниот прстен е опишан погоре во поглавјето V.3.1.

## VII. Заклучни согледувања

При обработката и анализирањето на материјалот и неговите карактеристики, повеќе моменти се јасно забележливи и не може да бидат занемарени. Токму тие ни даваат целосна слика за тоа како започнуваат, се прилагодуваат и потоа продолжуваат да се развиваат во општеството.

Со направената анализа, може да се направи една слика како обетките се развиваат низ вековите. Јасно е дека во текот на I век формите коишто егзистираат на Стоби не се многу развиени и нема голем број на типови кои циркулираат и посебно се издвојуваат. Тука припаѓаат поедноставните форми на прстенести обетки, со одредени исклучоци од други типови, кои се карактеристични за подоцнежните периоди, но се пронајдени во контексти од I век. Веќе во II век, кога градот после стекнувањето на новиот статус претставува важен центар, влијанијата и елементите полесно продираат од север и југ, доаѓа до една експанзија во понудата на типови на обетки, со најразлични форми и декорации. Во тој период на II-III век паралелно егзистираат и двете форми на прстени, затворени (прстенести) и отворени (S-кука). Нивната декорација варира и се карактеризира од наједноставни, до многу сложени и луксузни примероци. Тоа е особено карактеристично за обетките со S кука, коишто имаат најразлични декорации. Со преминот во IV век, овие обетки полека замираат, односно нивниот број значително се намалува и се работи за инцидентни примероци кои се откриваат. За разлика од нив, прстенестите обетки продолжуваат да се користат и во IV век, иако и кај нив полека се забележуваат одредени промени.

Селектираните прстени пак, даваат една јасна слика за тоа какви прстени видови на прстени и од кој материјал се користат во одреден временски период. Од погоре напишаното може да се заклучи дека најрепрезентативните примероци на прстени се изработувале и циркулирале во периодот од доцниот II век и низ III век. Во овој период голем дел од прстените се украсувани дополнително со геми, кои варираат од наједноставни камења, до камења со врежани едноставни и сложени претстави. Тие воедно ги претставуваат и најрепрезентативните примероци од Стоби. Како материјал кој

се користи во овој период, посебно се истакнува среброто кое забележува подем, а истите прстени речиси секогаш се дополнително декорирани со вметаната гема или пак некаков додаток. Во овој период егзистираат и т.н. „змијолики прстени", односно прстените кои завршуваат со краеви во форма на глава на змија. Кон крајот на III век и веќе во IV век, се појавуваат нови форми кои се разликуваат и не се толку репрезентативни како претходните примероци.

Генерално гледано, најголем процент од примероците се изработени од бронза, потоа од сребро, коска, злато, мермер и гагат. Сепак, прстените како накит, многу говорат за сопсвениците кои ги носеле, за нивниот општествен статус и моќ која ја имале или пак немале.

Што се однесува до белегзиите, изработени од различни материјали, може да заклучиме дека нивната форма не се менува така лесно и се користат подолг временски период. Тоа особено важи за белегзиите коишто се изработени од стакло, монохромни, а нивниот начин на изработка и форма се присутни подолг временски период. Па, така, доколку не произлегуваат од сигурно датирани, затворени контексти, ваквите белегзии многу тешки може да се датираат. Што се однесува до белегзиите изработени од бронза, нивната форма е променлива во зависнот од периодот во кој се појавуваат, а воедно имаат и слични форми со некои форми од обетките со што тоа е дополнително олеснето нивното датирање. Белегзиите со краеви коишто завршуваат со змијски глави се појавуваат во II век и се користат до IV век, а слична датација имаат и белегзиите изработени од гагат како материјал, кој пак се поврзува со неговата појава II век и експанзија во IV век.

Низ призмата на накитот, односно широкиот дијапазон на форми, типови и декорации коишто се појавуваат во текот на римскиот период, многу сликовито може да се следи и економската состојба, како на Стоби како провинцијален град, така и на империјата во целост. Движењето, односно развивањето на типовите на накиот, од наједноставни до сложени и луксузни, нивната циркулација низ империјата, од запад кон исток и обратно, се доловува со импортираните луксузни предмети или пак со внесување на влијанија од другите култури, кои постепено се претопуваат со локалната и започнуваат да се користат како дел од истата.

Од целиот обработен материјал може да се увиди дека најрепрезентативни примероци, независно дали се тоа обетки, прстени или белегзии, потекнуваат од периодот на II-III век. Во тој период градот е многу развиен и постепено го достигнува својот максимум. Добрата економска и политичка состојба на градот е многу добро претставена преку целиот луксуз кој го уживале благородниците, претставен не само преку накитите, туку и преку други предмети користени во секојдневието, а истите се резултат на добрите комуникации и развиени патни мрежи кои империјата ги воспоставила.

За крај, можеме да кажеме дека накитот со сигурност претставувал задолжителен додаток за населението од Стоби, во некои од случаи доказ за сила и моќ, а во некои други случаи како моден додаток. Римските погребувања од Стоби со сигурност во себе кријат многу материјали, познати и непознати, едноставни или пак единствени, уникатни, сепак, тие се навистина возбудливи и загонетливи за истражување и обработка на нивниот материјал.

# Каталог

## Обетки

1. **Бронзени обетки**
**Инвентарен број:** РН-95-55
**Опис:** Пар бронзени обетки. Обетките се изработени од тенка жица со кружен пресек и форма на алка, со краеви коишто не се допираат.
**Место на наоѓање:** Западна некропола, Гроб 1265
**Начин на изработка:** Ковање
**Димензии:** Дијаметар: 2,1 cm; 2,2 cm
**Тежина:** 1,27 гр; 1,33 гр
**Материјал:** Бронза
**Датација:** II-III век
**Библиографија:** Непубликувано



2. **Бронзена обетка**
**Инвентарен број:** РН-95-120
**Опис:** Бронзена обетка изработена од тенка жица со кружен пресек. Обетката е фрагментирана. На неа биле нанижани две мониста од стакло во бела и жолта боја.
**Место на наоѓање:** Западна некропола, Гроб 1424
**Начин на изработка:** Ковање
**Димензии:** Дијаметар: 5,5 cm
**Тежина:** Алка: 3,54 гр; со мониста: 15,98 гр
**Материјал:** Бронза и стакло
**Датација:** II-III век
**Библиографија:** Непубликувано



3. **Бронзена обетка**
**Инвентарен број:** СП-08-25
**Опис:** Бронзена обетка изработена од тенка жица, со кружен пресек. Краевите на обетката најверојатно се остри. Обетката е оштетена.
**Место на наоѓање:** Западна некропола
**Техника на изработка:** Ковање
**Димензии:** Дијаметар: 1,5 cm
**Тежина:** 1,07гр
**Материјал:** Бронза
**Датација:** II-III век
**Библиографија:** Непубликувано



4. **Златна обетка**
**Инвентарен број:** MF-73-19
**Опис:** Златна обетка со кружна форма. Краевите на обетката се разминуваат и се спирално намотани околу алката на обетката. На алката на обетката се забележуваат врежани линии на три места.
**Место на наоѓање:** Гробјанска базилика, Гроб 113
**Техника на изработка:** Ковање и врежување
**Димензии:** Дијаметар: 1,4  cm
**Тежина:** 0,73 гр
**Материјал:** Злато
**Датација:** IV век
**Библиографија:** Wiseman, J., Mano-Zissi, Dj., Excavations at Stobi, 1973-74, Journal of Field Archaeology, vol.1, no.1/2, 1974, 117-148



5. **Златна обетка**
**Инвентарен број:** MF-73-20
**Опис:** Златна обетка со кружна форма. Краевите на обетката се разминуваат и се спирално намотани околу алката на обетката. На алката на обетката се забележуваат врежани линии на три места.



**Место на наоѓање:** Гробјанска базилика, Гроб 113
**Техника на изработка:** Ковање и врежување
**Димензии:** Дијаметар: 1,3 cm
**Тежина:** 0,66 гр
**Материјал:** Злато
**Датација:** IV век
**Библиографија:** Wiseman, J., Mano-Zissi, Dj., Excavations at Stobi, 1973-74, Journal of Field Archaeology, vol.1, no.1/2, 1974, 117-148

6. **Златна обетка**
**Инвентарен број:** PH-92-107
**Опис:** Златна обетка со прстенеста алка. Краевите на обетката се разминуваат и спирално се намотани околу алката на обетката. На алката од обетката забележлива е дополнителна декорација од врежани линии.



**Место на наоѓање:** Западна некропола, Гроб 614
**Техника на изработка:** Ковање и врежување
**Димензии:** Дијаметар: 1 cm
**Тежина:** 0,69 гр
**Материјал:** Злато
**Датација:** I-III век
**Библиографија:** Municipium Stobensium, Западна некропола, Скопје, 1994

7. **Златна обетка**
**Инвентарен број:** PH-92-172
**Опис:** Златна обетка со прстенеста алка. Краевите на обетката се разминуваат и спирално се намотани околу алката на обетката. На алката од обетката има спирална декорација на три места изведена со врежување.
**Место на наоѓање:** Западна некропола, Гроб 661
**Техника на изработка:** Ковање и врежување
**Димензии:** Дијаметар: 1,1 cm
**Тежина:** 0,39 гр
**Материјал:** Злато
**Датација:** I-III век
**Библиографија:** Municipium Stobensium, Западна некропола, Скопје, 1994; Шурбановска, М., Здравковски, Д., Римски гробови од западната некропола во Стоби – Ископување 92, Macedonia Acta Archaeologica, Скопје, 1996



8. **Златна обетка**
**Инвентарен број:** PH-92-222
**Опис:** Мала златна обетка изработена од тенка жица. Краевите на обетката се разминуваат и се спирално намотани околу алката на обетката. На долниот дел од обетката има видливо врежување со напречни линии.
**Место на наоѓање:** Западна некропола, Гроб 794
**Техника на изработка:** Ковање и врежување
**Димензии:** Дијаметар: 1,1 cm
**Тежина:** 0,56 гр
**Материјал:** Злато
**Датација:** I-III век
**Библиографија:** Municipium Stobensium, Западна некропола, Скопје, 1994



**9. Златна обетка**

**Инвентарен број:** РН-92-234



**Опис:** Златна обетка со прстенеста алка. Краевите на обетката се разминуваат и се спирално намотани околу алката на обетката. На алката од обетката забележливи се спирални декорации на три места изведени со врежување.

**Место на наоѓање:** Западна некропола, Гроб 852

**Техника на изработка:** Ковање и врежување

**Димензии:** Дијаметар: 1,2 cm

**Тежина:** 0,49 гр

**Материјал:** Злато

**Датација:** I-III век

**Библиографија:** Municipium Stobensium, Западна некропола, Скопје, 1994

**10. Златна обетка**

**Инвентарен број:** РН-92-309



**Опис:** Златна обетка со прстенеста алка. Краевите на обетката се разминуваат и се спирално намотани околу алката на обетката. На алката од обетката забележливи се спирални декорации изведени со врежување.

**Место на наоѓање:** Западна некропола, Гроб 938

**Техника на изработка:** Ковање и врежување

**Димензии:** Дијаметар: 1,3 cm

**Тежина:** 0,54 гр

**Материјал:** Злато

**Датација:** I-III век

**Библиографија:** Municipium Stobensium, Западна некропола, Скопје, 1994

**11. Златна обетка**

**Инвентарен број:** РН-92-343

**Опис:** Мала златна обетка. Обетката е со краеви коишто се разминуваат и спирално се намотани околу алката на обетката. На алката од обетката има декорација со врежување на три места.



**Место на наоѓање:** Западна некропола

**Техника на изработка:** Ковање и врежување

**Димензии:** Дијаметар: 1 cm

**Тежина:** 0,28 гр

**Материјал:** Злато

**Датација:** I-III век

**Библиографија:** Municipium Stobensium, Западна некропола, Скопје, 1994

**12. Златна обетка**

**Инвентарен број:** РН-92-400

**Опис:** Мала златна обетка со прстенеста алка. Краевите на обетката се разминуваат и се спирално намотани околу алката на обетката. На едно место се видливи врежани декорации.



**Место на наоѓање:** Западна некропола, Гроб 1043

**Техника на изработка:** Ковање и врежување

**Димензии:** Дијаметар: 1,4 cm

**Тежина:** 0,63 гр

**Материјал: Злато**

**Датација:** I-III век

**Библиографија:** Municipium Stobensium, Западна некропола, Скопје, 1994

**13. Златни обетки**

**Инвентарен број:** PH-92-422; PH-92-423

**Опис:** Пар златни обетки со прстенести алки. Обетките се со краеви коишто се разминуваат е се спирално намотани околу алките на обетките. На алките од обетките изведена е декорација со врежување на три места.

**Место на наоѓање:** Западна некропола, Гроб 836А

**Техника на изработка:** Ковање и врежување

**Димензии:** Дијаметар: 1,3 cm

**Тежина:** 0,56 гр; 0,52 гр

**Материјал:** Злато

**Датација:** I-III век

**Библиографија:** Непубликувано



**14. Златни обетки**

**Инвентарен број:** PH-92-424

**Опис:** Пар златни обетки со прстенести алки. Краевите на обетките се разминуваат и се спирално намотани околу алките на обетките. На алките од обетките е изведена декорација со врежување.

**Место на наоѓање:** Западна некропола, Гроб 909

**Техника на изработка:** Ковање и врежување

**Димензии:** Дијаметар: 1,3 cm; 1,4 cm

**Тежина:** 0,85 гр; 0,88 гр

**Материјал:** Злато

**Датација:** I-III век

**Библиографија:** Непубликувано



**15. Златна обетка**

**Инвентарен број:** PH-95-27

**Опис:** Златна обетка со прстенеста алка. Краевите на обетката се разминуваат и се спирално намотани околу алката на обетката. На алката од обетката има дополнителна декорација од врежани тенки напречни линии на три места. На страничните делови има по две врежани линии, додека на долниот дел има три врежани линии.

**Место на наоѓање:** Западна некропола, Гроб 1193

**Техника на изработка:** Ковање и врежување

**Димензии:** Дијаметар: 1,3 cm

**Тежина:** 0,41 гр

**Материјал:** Злато

**Датација:** I-III век

**Библиографија:** Непубликувано



**16. Златна обетка**

**Инвентарен број:** PH-95-42

**Опис:** Мала златна обетка со прстенеста алка. Обетката е изработена од тенка жица со кружен пресек. Краевите на обетката се разминуваат и се спирално намотани околу алката на обетката. На едно место се забележува декорација од врежани напречни линии.

**Место на наоѓање:** Западна некропола, Гроб 1212

**Техника на изработка:** Ковање и врежување

**Димензии:** Дијаметар: 1,2 cm

**Тежина:** 0,46 гр

**Материјал:** Злато

**Датација:** I-III век

**Библиографија:** Непубликувано



**17. Златна обетка**

**Инвентарен број:** PH-95-88

**Опис:** Мала златна обетка со прстенеста алка. Обетката е изработена од тенка жица со краеви коишто се разминуваат и се спирално намотани околу алката на обетката. Обетката има дополнителна декорација со врежувања на три места.



**Место на наоѓање:** Западна некропола, Гроб 1416

**Техника на изработка:** Ковање и врежување

**Димензии:** Дијаметар: 1,2 cm

**Тежина:** 0,48 гр

**Материјал:** Злато

**Датација:** I-III век

**Библиографија:** Непубликувано

**18. Златна обетка**

**Инвентарен број:** PH-95-118

**Опис:** Мала златна обетка со прстенеста алка. Обетката е изработена од тенка жица, чиишто краеви се разминуваат и се спирално намотани околу алката на обетката.



**Место на наоѓање:** Западна некропола, Гроб 1469

**Техника на изработка:** Ковање

**Димензии:** Дијаметар: 1,4 cm

**Тежина:** 0,40 гр

**Материјал:** Злато

**Датација:** I-III век

**Библиографија:** Непубликувано

**19. Златна обетка**

**Инвентарен број:** РН-95-143

**Опис:** Мала златна обетка со прстенеста алка. Обетката е изработена од тенка жица со кружен пресек. Краевите на обетката се разминуваат и се спирално намотани околу алката на обетката. На три места од алката на обетката се забележуваат врежувања со напречни линии.

**Место на наоѓање:** Западна некропола, Гроб 1538

**Начин на изработка:** Ковање и врежување

**Димензии:** Дијаметар: 1,1 cm

**Тежина:** 0,38 гр

**Материјал:** Злато

**Датација:** I-III век

**Библиографија:** Непубликувано



**20. Златна обетка**

**Инвентарен број:** РН-95-172

**Опис:** Мала златна обетка со прстенеста алка. Обетката е изработена од тенка жица со кружен пресек. Краевите на обетката се разминуваат и се спирално намотани околу алката на обетката.

**Место на наоѓање:** Западна некропола, Гроб 1588

**Техника на изработка:** Ковање

**Димензии:** Дијаметар: 1,6 cm

**Тежина:** 0,50 гр

**Материјал:** Злато

**Датација:** I-III век

**Библиографија:** Непубликувано



**21. Златна обетка**

**Инвентарен број:** РН-95-177

**Опис:** Мала златна обетка. Изработена е од тенка жица со кружен пресек и краеви коишто се разминуваат и спирално се намотани околу алката на обетката. По површината на алката се забележуваат плитки врежувања од напречни линии.



**Место на наоѓање:** Западна некроопола, Гроб 1638

**Техника на изработка:** Ковање и врежување

**Димензии:** Дијаметар: 1,1 cm

**Тежина:** 0,74 гр

**Материјал:** Злато

**Датација:** I-III век

**Библиографија:** Непубликувано

**22. Златна обетка**

**Инвентарен број:** РН-95-180

**Опис:** Мала златна обетка. Обетката е изработена од жица со кружен пресек. Долниот дел од обетката е задебелен, додека краевите се тенки, се разминуваат  и се спирално намотани околу алката на обетката. На долниот дел од обетката се забележуваат плитки врежувања, како и на двата странични дела, веднаш до спирално навиените краеви на обетката.



**Место на наоѓање:** Западна некропола, Гроб 1609

**Техника на изработка:** Ковање и врежување

**Димензии:** Дијаметар: 1,4 cm

**Тежина:** 0,47 гр

**Материјал:** Злато

**Датација:** I-III век

**Библиографија:** Непубликувано

**23. Златни обетки**



**Инвентарен број:** PH-95-195

**Опис:** Пар златни обетки. Изработени се од тенка жица со кружен пресек. Краевите на обетките се разминуваат и се спирално намотани околу алката на обетката. Се забележува дека има и врежување со напречни линии по површината од алките на обетките.

**Место на наоѓање:** Западна некропола, Гроб 1644

**Техника на изработка:** Ковање и врежување

**Димензии:** Дијаметар: 1,2 cm; 1,1 cm

**Тежина:** 0.60 гр; 0,59 гр

**Материјал:** Злато

**Датација:** I-III век

**Библиографија:** Николова, Е., Стоби – Западна некропола, ископување 1995, Macedoniae Acta Archaeologica 18, Скопје, 2008

**24. Златна обетка**





**Инвентарен број:** PH-95-205

**Опис:** Мала златна обетка. Изработена е од тенка жица со кружен пресек. Горниот дел од обетката е сплеснат и за него е залепена елипсовидна тенка плочка. Краевите на обетката се преклопуваат и спирално се навиени.

**Место на наоѓање:** Западна некропола, Гроб 1719

**Техника на изработка:** Ковање

**Димензии:** Дијаметар: 1,1 cm; должина на плочка: 0,8 cm

**Тежина:** 0,30 гр

**Материјал:** Злато

**Датација:** I-III век

**Библиографија:** Николова, Е., Стоби – Западна некропола, ископување 1995, Macedoniae Acta Archaeologica 18, Скопје, 2008

**25. Златна обетка**

**Инвентарен број:** РН-95-230

**Опис:** Мала златна обетка. Изработена е од тенка жица. Долниот дел е задебелен, додека краевите се тенки, се разминуваат и се спирално намотани. Во задебелениот дел од алката, се забележуваат подлабоки врежувања со напречни линии, додека од страните врежувањата се поплитки.

**Место на наоѓање:** Западна некропола, 1766

**Техника на изработка:** Ковање и врежување

**Димензии:** Дијаметар: 1,2 cm

**Тежина:** 0.45 гр

**Материјал:** Злато

**Датација:** I-III век

**Библиографија:** Непубликувано



**26. Златни обетки**

**Инвентарен број:** РН-95-232

**Опис:** Пар златни обетки. Изработени се од тенка жица. Се разликуваат по големината и бојата на златото. Поголемата е посветла и е со задебелен долен дел, додека помалата е со поцрвена боја на златото. Краевите и на двете обетки се разминуваат и спирално се намотани околу алките на обетките. Двете обетки имаат врежувања со напречни линии изведени на три места.

**Место на наоѓање:** Западна некропола,
Гроб 1766/ф

**Техника на изработка:** Ковање и врежување

**Димензии:** Дијаметар: 1,6 cm; 1,4 cm

**Тежина:** 0,52 гр; 0,49 гр

**Материјал:** Злато

